# *САМОЕВАЛУАЦИЈА НА СОУ “ЦАР САМОИЛ”-РЕСЕН*

# 2023-2025



**Ресен, Септември, 2025**

# Самоевалуација на СОУ “ Цар Самоил”-Ресен

| | |
|---|---|
| **УЧИЛИШТЕ**<br><br>Адреса | ***Средно Општинско Училиште***<br>***“ Цар Самоил ”-Ресен***<br><br>Ул. “ Кочо Рацин ” бр. 48 |
| Контакт податоци<br>(тел, факс, е-маил) | Тел. 047/451-060, 047/451-899<br>Факс:047/451-899<br>e-mail: carsamoil_resen@yahoo.com |
| Период на подготовка на СЕУ | Септември 2025 |
| | |
| Вкупно ученици во училиштето | 292 |
| Број на подрачни училишта | / |
| **ДИРЕКТОР НА УЧИЛИШТЕТО** | |
| Име и презиме | Динче Кочевска |
| Потпис | |
| Датум | |
| **ОДОБРЕНО ОД УЧИЛИШНИОТ ОДБОР** | |
| Име и презиме | Константин Сековски |
| Потпис | |
| Датум | |

## ***Кратки генералии за СОУ “Цар Самоил ”-Ресен***

**Средното Општинско Училиште „*ЦАР САМОИЛ*„ од Ресен е формирано во 1960 година и низ историјата ги носело имињата “Јосиф Јосифовски Свештарот”, „Стив Наумов” и „Јосип Броз Тито”.**

**Адресата на училиштето е: Ул. “Кочо Рацин” бр. 48-Ресен**

**Тел: +389 (0) 47 451-899 –Директор**

**e-mail:carsamoil_resen@yahoo.com**

**Во склоп на нашето училиште егзистира земјоделско-ветеринарната струка, која е основана во 1960 год. со првично име „Јосиф Јосифовски Свештарот” чија цел е да произведе квалитетен кадар за потребите на пазарот на трудот од профилот на техничар за фармерско производство со четири годишно школување**

**Во СОУ „Цар Самоил” Ресен има два вида на образовни профили:**

**-*Гимназиско образование* со 3 изборни подрачја (општествено-хуманистичко подрачје со четврти степен,јазично-уметничко подрачје-четврти степен и природно-математичко подрачје-четврти степен),**

**-*Стручно образование* со четири годишно школување и образовен профил**

**-Земјоделско-ветеринарна струка, сектор земјоделство, ветеринарство и рибарство, профил Агротехничар/техничар за фитомедицина;**

**-Од учебната 2019/2020 земјоделско ветеринарната струка работи како модуларно образование со профил агротехничар, а**

**-Од учебната 2021/22 стручното образование се реализира како дуално образование со партнер компанија.**

**Во учебната 2024/2025год. во нашето училиште наставата ја следеа 266 ученици, распределени во 24 паралелки шест во прва, седум во втора, пет во трета и шест во четврта година, од кои во прва до четврта година имаше по четири гимназиски паралелки и по две стручни паралелки во прва и четврта година, три во втора година и една стручна паралелка во трета година. Наставата во училиштето се изведува на три наставни јазици-македонски, турски и албански. Во секоја година има по една гимназиска паралелка на турски и албански наставен јазик, а во стручното образование во втора година имаше една паралелка на албански наставен јазик а во прва, втора и четврта година по една паралелка на турски наставен јазик. Наставата во училиштето се изведува во една смена со почеток од 8:00 часот.**

**Наставата ја изведуваат 47 наставници. Училиштето располага со кабинети, училници, канцеларии, спортска сала, клуб за млади, библиотека, работилници и свечена сала и спрема можностите и условите наставата е соодветна и адекватна за реализација на наставните содржини.**

**Од учебната година (2005/2006) училиштето располага со земјоделска механизација и доделена земја на закуп со површина од 13 ha, за потребите на учениците кои треба да изведуваат практична настава.**

## ***Мисија на училиштето:***

*Поттикнување и подготовка за индивидуален развој на учениците и наставниците преку стекнување на знаења и вештини, реализирање на современи наставни програми, примена на информатичка технологија и истовремено развивање на меѓусебно разбирање и почитување на сите етнички и културни особености и градење на високи етички стандарди.*

## ***Визија на училиштето:***

*Нашата визија е континуирано образование и стручна подготовка на поединците, со помош на современа и кадровски екипирана настава, прилагодена на потребите и интересите на учениците, без разлика на нивната етничка припадност, во топла, хумана и мотивирачка средина.*

***Во евалуацијата на ова подрачје треба да одговорите на што е можно поголем број од главните прашања.***

***Можете да додадете и одговори на други прашања кои сметате дека се важни за вашето училиште а не се опфатени во рамката за самоевалуација.***

***Треба да направите обид да ги вклучите колку што е можно сите клучни фактори во вашето училиште и во локалната заедница и каде потребно да внимавате на родовите односи кои може да влијаат на квалитетот на учење и настава во вашето училиште.***

***Не се потпирајте само на пишани документи. Обезбедете да податоците собрани во оваа област исто така вклучуваат колку што е можно и пишани коментари, набљудувања и визуелни докази.***

**Оддели во рамките на подрачјето:**

## 1.1 Реализација на наставните планови и програми

## 1.2 Квалитет на наставните планови и програми

## 1.3 Воннаставни активности

| Собирање на податоци (Кои податоци се собрани: Кои методи се користени).<br>(I) Обработка на документи | |
|---|---|
| **Наведете ги сите документи кои се прегледани.** | **Кои информации се собрани?** |
| **Глобално, тематско и дневни планирања, дневник на паралелки извештај од стручните активи и годишен извештај за работата на училиштето 2024-2025** | Училиштето целосно ги реализира наставните планови и програми одобрени од МОН и БРО со некои делумни отстапувања по предмети за кои се потребни услови, а нашето училиште настојува истите да ги обезбеди и подобри. Во поглед на наставните и нагледните средства во кабинетите, и има кабинети кои треба да се доопремат, да се подобрат условите во нив и нивниот број да се зголеми. |
| **Е-дневник на паралелка,**<br><br>**Записник од совет на родители**<br><br>**Записник од стручни активи**<br><br>**Записник од стуручна служба** | Родителите, учениците и наставниците можат индиректно или директно да влијаат врз начинот на реализацијата на наставните планови и програми во самата реализација на наставната тема, час, или други наставни активности преку нивната активност и залагање за време на часот, надвор од него, нивната редовност и дисциплина. Додека пак наставниците преку нивната комуникација и соработка со децата вонnаставниот час или на самиот час влијаат врз начинот на реализацијата, а пак родителите со нивното присуство во училиштето, разговор со предметните наставници, стручните служби и директорот. Родителите недоволно се ангажираат и загрижува редовноста на учениците. |
| **Глобално и тематско планирање по предмети**<br><br>**Писмени договори со претпријатија од локалната средина**<br><br>**Годишен извештај на училиштето** | Училиштето во соработка со Локалната самоуправа ги приспособува наставните планови и програми по трите наставни јазици застапени во училиштето-македонски, турски и албански јазик, со потребите и карактеристиките на локалната средина. Тоа особено се гледа преку професионална соработка со стручното образование од нашето училиште со локалните претпријатија, преку воведувањето на дуално/модуларното образование кое има за цел да ја подобри праксата-стручноста на учениците при реализација на ваков вид настава, се со цел да се добијат поквалитетни кадри од оваа струка и на подобар начин да се  реализираат наставните планови и програми. Сите планови и програми се приспособени со професионален пристап кон истите и по препораките дадени од МОН и БРО. |
| **План и програма од МОН** | Училиштето им ја нуди програмата одобрена од МОН и БРО на сите ученици преку која можат да направат избор на предмети за школување за стекнување на соодветниот образовен профил. А од учебната 2021/22 година со воведувањето на дуално стручно образование и овие нови наставни планови и програми им се достапни за избор на сите ученици пред запишувањето во прва година. Исто така и после завршена прва година од гимназиската насока и во втора година стручно образование, учениците можат да направат избор на соодветни изборни предмети. За изборот на наставните планови и програми можат да се запознаат преку стручната служба на училиштето, класни раководители и преку социјалните медиуми (веб страна и фејсбук профил на училиштето). |
| **Покани за семинари**<br><br>**Добиени сертификати** | Училиштето им дава на наставниците подршка преку учество на обуки, семинари, симпозиуми, стручни разговори со други училишта, преку размена на идеи и искуства меѓу наставниците (со физичко присуство и преку средства за далечинска комуникација, се со цел подобро да се подготват и осовременат наставните планови и програми.) Но, секогаш со тенденција да ги има повеќе со учество на наставен кадар во истите и во склоп на финансиските можности од страна на училиштето и Локалната самоуправа. |
| **Годишна програма за работа на училиштето** | Преку реализација на подрачјата и активностите од наставните планови и програми на учениците им се помага во нивниот личен и општествено-социјален развој од двата пола подеднакво, како и на сите |

| | |
|---|---|
| **Дневни и тематски подготовки на наставници**<br><br>**Програма за работа на стручните служби** | различни етнички структури во училиштето. И на учениците од различен економско-социјален статус, како и на учениците со посебни потреби, исто така преку реализирање на овие наставни планови и програми да изградиме една здрава, образована, одговорна, социјализирана и современа личност. Но сепак, постои можност за проширување на наставните планови и програми со нови теми, содржини и форми коишто ќе помогнат во добивањето на една поздрава, пообразована, поодговорна, посоцијализирана и посовремена личност. Во нашава гимназија од учебната 2008/2009 година освен на македонски јазик започна да се реализира настава на турски и албански јазик. Во учебната 2019/20 година се воведе паралелка за стручно образование на турски наставен јазик а во учебната 2021/22 се воведе и паралелка за стручно образование- Земјоделско-ветеринарна/земјоделство, ветеринарство и рибарство, профил Агротехничар/техничар за фитомедицина на албански наставен јазик, со што се појави проблемот со недостаток на учебници на турски и албански наставен јазик како и недостаток од професори по повеќе предмети за настава на мајчин јазик-турски и албански. |
| **Глобални и тематски планови по соодветни предмети**<br><br>**Е-дневник на паралелки**<br>**Програма за проектни активности**<br><br>**Анкети**<br><br>**Покани** | Училиштето реализира активности за стекнување и проширување на знаењата и образованието за половите и меѓучовечките односи, нивниот сексуален живот, репродуктивно здравје, превенција и заштита од ХИВ/СИДА и зависност од алкохолизам, пушење, наркотици како и почитување на здравствени протоколите за реализирање на настава во услови на пандемија. Училиштето во соработка со МОН и МВР превземаат мерки и за спречување на детско физичко насилство. Овие активности се реализираат преку предавања од соодветен предмет, разговор со класни раководители, предавања на класен час на соодветни теми, предавања од стручни лица-од областа на медицината, безбедноста, учество на наши ученици и наставници на разни семинари и предавања коишто третираат и обработуваат вакви теми, исто така се користат и разни анкети од страна на училиштето, невладини организации и други стручни субјекти. |
| **Глобален тематски план**<br><br>**Е-дневник на паралелка**<br><br>**Записник од стручната служба** | Училиштето организира и реализира образование и воспитание за еднаквите права на човекот, граѓанското образование и правилни меѓучовечки односи преку изучување на предмет – Граѓанско образование во I и IV година, преку реализација на вакви содржини на класен час и преку давање на совети од стручната служба во училиштето. |
| **Глобален и тематски план**<br><br>**Е-дневник на паралелка**<br><br>**Извештаи – усни и писмени** | Вон наставните активности во училиштето се реализираат од повеќе области и тоа: новинарство, рецитаторска, драмска, спортска, активности од областа на хемијата, биологијата, математика, музиката, еколошка, информатика, младина на црвен крст. Сите овие акивности им се достапни на сите ученици без разлика на нивната етничка, полова и социјална припадност, кои сакаат да ги надополнат, остварат и зголемат нивните знаења и вештини за одредена област и своите биопсихолошки и социјални потреби. За реализација на овие воннаставни активности потребно е, како што споменавме претходно, континуирано подобрување на просторните и материјалните услови, поголема инволвираност на учениците од трите етникуми во изборот и реализацијата од страна на школото и наставниците коишто ги водат овие воннаставни активности за да истите бидат посодржајни и целосно реализирани со што учениците би се стекнале со поголеми знаења и вештини. |
| **Е-дневник на паралелка** | Во овие вон наставни активности се вклучени и ученици со различни способности и потреби кои реализираат содржини и активности адаптирани на нивните способности и можности. |

| Собирање на податоци (II) кои други методи се користени за собирање на податоци? (пр. прашалници, анкети, набљудувања...) | | |
|---|---|---|
| **Наведете ги другите методи кои се користени за собирање на податоци** | **Учество: Кој беше вклучен во собирање на овие информации** | **Кои информации се собрани?** |
| **Прашалник за родители** | **Членови на работен тим** | Од вкупно 40 родители на прашањето, “Дали ви се достапни наставните планови и програми?” 68% од анкетираните родители одговориле дека им се достапни наставните планови и програми. Родителите се изјасниле дека со наставните планови и програми се запознаваат електронски-е-дневник, преку комуникација со класните раководители и преку ученици-нивните деца, а на 20% од родителите не им се достапни наставните планови и програмите. |
| **Прашалник за наставници**<br><br>**Разговор со наставници** | **Членови на работен тим** | Прашани се вкупно 31 наставници и најголем дел од нив практикуваат интегративен пристап во зависност од наставните теми и содржини. |
| **Анкета за ученици**<br><br>**Прашалник за ученици** | **Членови на работен тим** | Од вкупно анкетирани 100 ученици од II до IV години со различна полова и етничка структура, 52% од учениците сметаат дека се реализираат вон-наставни активности во училиштето. На прашањето дали наставниците користат современи наставни средства и помагала 57% од нив одговориле со да. Придобивките од овие активности се однесуваат на стекнување и проширување на нови знаења и вештини, социјализација, меѓукласна комуникација и соработка помеѓу учениците и меѓуетничка комуникација. |
| **Разговор со директор, наставници и наставници по пракса** | **Динче Кочевска**<br><br>**Васко Јовановски** | Од овој разговор со директорот и наставниците донесена е заедничка констатација дека наставните планови и програми се реализираат во текот на целата наставна година. Од друга страна, немање доволно стручна литература, кабинет за реализација на практична настава, непосетување на доволно семинари и симпозиуми од областа на плановите и програмата за настава, немање или застарени учебници по пооддселни предмети и учебници на јазиците на националностите, има потреба од вработување на работник кој ќе се грижи за овошните насади, понекогаш го отежнува наставниот процес при реализација на наставните планови и програми. |

**Резултати: Овде треба накратко да ги образложите вашите клучни јаки страни и слабости**

**Клучни јаки страни**

- **Наставата во училиштето е организирана од соодветен, стручно образован кадар кој се залага за што подобро реализирање на наставните планови и програми.**
- **Се ангажираат наставници од јазиците на националностите.**
- **Во училиштето постои меѓусебна соработка помеѓу ученици, наставници, родители и локалните претпријатија за што поуспешно реализирање на наставните планови и програми, а посебно со дуалните паралелки и работата на училиштето е јавна.**
- **Училиштето преку приспособување и реализирање на наставните планови и програми постигнува завидно ниво на реализација, во согласност со карактерот и потребите на локалната заедница и локалните претпријатија со кои има добра соработка.**
- **Реализација на вонnаставни активности според условите во училиштето и видот на настава.**
- **Посета и учество на наставниците и стручните служби на семинари, симпозиуми и обуки во можност со материјално-финансиските средства на училиштето како и видот на настава.**

**Слабости**

- **Подобрување на соодветни простории и кабинети за реализација и на наставните планови и програми и на практичната работа.**
- **Нецелосно опремување со современа информатичка технологија на училиштето и наставниот кадар за современо реализирање на наставните планови и програми.**
- **Недостаток и зголемување на стручна литература и списанија.**
- **Немање на доволен број на наставни средства и помагала за реализација на наставата.**

**Анализа на резултатите:**

***Овде дадете подетална евалуација на ова подрачје***

Училиштето целосно ги реализира наставните планови и програми за стекнување на средна стручна спрема од четири профили:, Општествено-Хуманистичко, Јазично-уметничко, Природно-Математичко подрачје и Стручно образование-дуално/модуларно. Наставниците и стручните служби ги реализираат наставните планови и програми одобрени од МОН и БРО, во согласност со постоечките услови во училиштето од страна на расположливи инфраструктурни можности, наставни кабинети, нагледни и наставни средства и компјутерско-техничка опрема, како и финансиската можност на училиштето. Во училиштето постојат меѓусебно добри односи на релација ученик-наставник-родител така што работата на училиштето е јавна и сите можат директно или индиректно да влијаат врз условите и начинот на реализација на наставните планови и програми Од направените анкети дознаваме дека 68% од анкетираните родители одговориле дека им се достапни наставните планови и програми. Родителите се изјасниле дека со наставните планови и програми се запознаваат електронски-е-дневник, преку комуникација со класните раководители и преку ученици-нивните деца, а на 20% од родителите не им се достапни наставните планови и програмите. Училиштето добро соработува со локалната средина и во поодделни сегменти од наставните планови и програми истите ги приспособува кон потребите и карактерот на Локалната средина и локалните претпријатија за подобра реализација, особено на дуалното/модуларното образование. Сите наставни планови и програми им се достапни на учениците, наставниците и родителите со тоа што учениците имаат право на избор на одредени образовни профили и наставни подрачја според одобрените наставни планови и програми од МОН и БРО. Училиштето дава подршка на наставниот кадар за нивно усовршување се со цел за осовременување на наставните планови и програми, а таа подршка е преку учество на разни обуки, семинари, стручни предавања, според услови какви што ги има училиштето. Од прашани вкупно 31 наставници најголем дел од нив сметаат дека практикуваат интегративен пристап во зависност од наставните теми и содржини. Исто така училиштето ангажира и наставници од јазиците на националностите. Влијанието на училиштето врз реализација на наставните планови и програми е такво што преку реализација на истите го помагаат личниот психо-социолошки развој, општествениот развој и професионалниот развој на учениците за нивната иднина, без оглед на нивниот пол, етничка припадност и социјален статус. Освен реализација на наставните планови и програми, од вкупно анкетирани 100 ученици од II до IV години со различна полова и етничка структура, 52% од учениците сметаат дека се реализираат вон-наставни активности во училиштето, а придобивките од овие активности се однесуваат на стекнување и проширување на нови знаења и вештини, социјализација, меѓукласна комуникација и соработка помеѓу учениците и меѓуетничка комуникација. И уште, на прашањето дали наставниците користат современи наставни средства и помагала 57% од нив одговориле со да.

**Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето:**

1. **Подобрување на условите за работа по кабинетска настава за поквалитетна реализација на наставните планови и програми;**
2. **Зголемување на бројот на современи кабинети за реализација на современа настава со користење на ИКТ технологија;**
3. **Опремување на кабинет за практична настава од земјоделско-ветеринарната струка како и вработување на работник кој ќе се грижи за овошните насади;**
4. **Организација и реализација на планираните вон-наставни активности од повеќе области;**
5. **Континуирано снабдување на училиштето со современи средства и помагала за поквалитетна и поуспешна реализација на наставните планови и програми;**
6. **Континуирано усовршување на наставниците и стручната служба од областа на планирањето и примената на квалитетни наставни содржини.**

***Во евалуацијата на ова подрачје треба да одговорите на што е можно поголем број од главните прашања.***

***Можете да додадете и одговори на други прашања кои сметате дека се важни за вашето училиште а не се опфатени во рамката за самоевалуација.***

***Треба да направите обид да ги вклучите колку што е можно сите клучни фактори во вашето училиште и во локалната заедница и каде потребно да внимавате на родовите односи кои може да влијаат на квалитетот на учење и настава во вашето училиште.***

***Не се потпирајте само на пишани документи. Обезбедете да податоците собрани во оваа област исто така вклучуваат колку што е можно и пишани коментари, набљудувања и визуелни докази.***

**Оддели во рамките на подрачјето:**

**2. 1 Постигања на учениците**

**2.2 Задржување/осипување на учениците**

**2.3 Повторување на учениците**

| **Собирање на податоци (Кои податоци се собрани: Кои методи се користени).<br>(I) Обработка на документи** | |
|---|---|
| **Наведете ги сите документи кои се прегледани.** | **Кои информации се собрани?** |
| **Е-дневник за работа на паралелка**<br><br>**Записници од стручни служби**<br><br>**Пофалници за наградени ученици**<br><br>**Записник од наставнички совет**<br><br>**Правилник за избор на ученик на генерација** | Училиштето секогаш се стреми за одржување на квалитетна настава и преку тоа да се подобрат резултатите и постигнувањата на учениците. Училиштето тоа го прави низ повеќе педагошко-воспитни активности. Во наставата се практикуваат разни форми на работа во кои се користат наставни нагледни средства коишто ги поседува училиштето и има услови за нив, доколку МОН не испрати доволен број на учебници, училиштето печати и прави онолку копии колку што се потребни за изведување на наставата. Се одржуваат воннаставни активности во рамките на можностите на училиштето, за послабите ученици се организира дополнителна настава, за подобрите се организира додатна настава, се со цел да се подобрат постигањата и на едните и на другите ученици.<br>Преку стручните служби се вршат советодавни разговори се со цел да се мотивираат учениците. Родителот како институција секогаш е присутен во подобрување на постигањата на учениците преку родителски средби, разговори со предметни наставници, стручна служба, директор. Се реализираат проектни активности како форма на работа со учениците со цел да се зголеми креативноста на учениците и да се поттикне нивната ангажираност. Секогаш и редовно се следи од страна на класниот раководител и предметните наставници нивниот успех, редовност и поведение. Наставниците во наставата применуваат нови, современи форми на настава според условите и можностите на училиштето. Учениците во училиштето имаат можност за разгледување податоци и црпење нови информации преку Интернет. Училиштето за да ги спореди знаењата и постигањата на нашите ученици учествува на разни натпревари по одделни предмети, спортски натпревари, земјоделско-практични натпревари на кои учениците постигнуваат значајни резултати и се истакнуваат со своите знаења и вештини. Во продолжение ќе ги спомeнеме следните за учебната **2023/24:**<br>-**Освоени први места по предметите и областите**: Бизнис и претприемништво, Биологија, Спорт, повеќе области на училиштата од земјоделско ветеринарната струка, Музичка уметност, Француски јазик, Латински јазик, Економски предмети<br>-**Освоени втори места по предметите и областите**: Проект „Засади желба“, училишната екипа, Зонски натпревар во Футсал, Зонски натпревар во Ракомет, Биологија, Хемија, Музичка уметност, Француски јазик<br>-**Освоени трети места по предметите и областите**: Латински јазик, Математика, Биологија, повеќе области на училиштата од земјоделско ветеринарната струка, Музичка уметност, Француски јазик, Физика, Економски предмети.<br><br>За учебната **2024/25** се постигнаа следниве резултати:<br><br>-**Освоени први места по предметите и областите**: Народна техника, Латински јазик, Биологија, Географија, Музичка уметност, Физика. |

| | |
|---|---|
| | -**Освоени втори места по предметите и областите**: Народна техника, Зонски натпревар во Футсал, Латински јазик, Математика, Биологија, во повеќе области од земјоделско ветеринарната струка, Француски јазик – Француска шансона, Физика, Економски предмети – област Циркуларна економија.<br>-**Освоени трети места по предметите и областите**: Народна техника, Математика, Биологија, Физика, Латински јазик.<br>-**Освоени четврти места по предметите и областите**: Француски јазик-Француска шансона.<br><br>Исто така, во текот на двете учебни години, освоени се и голем број на пофалници за учество во други натпревари од повеќе предмети.<br><br>Училиштето секогаш го вреднува успехот и постигнувањата на учениците за сите четири години за време на целокупното школување и според тоа избира најдобри ученици посебно по области а на манифестацијата “Најдобар од најдобрите” се прогласува ученик на генерацијата. За овој избор училиштето има правилник според кој го прави изборот, а во учебната 2024/25 година направи измени на веќе постоечкиот правилник и донесе нов. |

| Главна книга за завршен испит за учебна 2024/2025 | Постигањата на учениците по наставни предмети за учебната 2024/2025 ќе ги прикажеме табеларно. |
|---|---|

***Среден успех на ученици по предмети од учебната 2024/2025 од I до IV година***
***Гимназиско образование***

| Просек по предмети во гимназиски паралелки | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Предмет** | **I (прва)** | **II (втора)** | **III (трета)** | **IV (четврта)** | **Среден успех** |
| Македонски јазик и литература | 3.63 | 4.07 | 4.66 | 4.51 | 4.22 |
| Турски јазик | 5.00 | 5.00 | 4.78 | 5.00 | 4.95 |
| Албански јазик | 4.13 | 5.00 | 4.88 | 4.17 | 4.55 |
| Македонски јазик (ученици од другите заедници) | 3.53 | 3.50 | 4.39 | 3.83 | 3.81 |
| Англиски јазик | 4.17 | 4.68 | 4.50 | 4.81 | 4.54 |
| Француски јазик | 3.79 | 4.13 | 4.00 | 4.38 | 4.08 |
| Математика | 3.77 | 4.19 | 3.87 | 4.56 | 4.10 |
| Физика | 3.94 | 4.23 | 4.23 | 4.80 | 4.30 |
| Хемија | 3.91 | 4.02 | 4.05 | 4.75 | 4.18 |
| Биологија | 3.86 | 4.38 | 4.19 | 4.88 | 4.33 |
| Географија | 3.99 | 4.53 | 5.00 | | 4.51 |
| Информатика | 4.54 | | | | 4.54 |
| Историја | 4.31 | 4.63 | 4.48 | 4.53 | 4.49 |
| Социологија | | 4.80 | 4.68 | | 4.74 |
| Филозофија | | | | 4.80 | 4.80 |
| Бизнис и претприемништво | | | | 4.73 | 4.73 |
| Спорт и сп. активности | 4.85 | 4.94 | 5.00 | 4.95 | 4.94 |
| Ликовна уметност | 4.96 | 4.91 | | | 4.94 |
| Музичка уметност | 4.42 | 4.88 | | | 4.65 |
| Вовед во право | | | 4.53 | | 4.53 |
| Латински јазик | | | 3.51 | | 3.51 |
| Економија | | | | 4.59 | 4.59 |
| Менаџмент | | | | 4.52 | 4.52 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Логика | | | | 4.48 | 4.48 |
| Лин. Алгебра и геом. | | | 4.77 | | 4.77 |
| Алгебра | | | 4.77 | | 4.77 |
| Програмски јазици | | | 4.98 | 4.96 | 4.97 |
| Математичка анализа | | | | 4.96 | 4.96 |
| Инф. технологија | | 5.00 | | | 5.00 |
| Елементарна алгебра и геометрија | | 4.88 | | | 4.88 |
| Говорење и пишување | | 4.63 | | | 4.63 |
| ВКУПНО | 4.17 | 4.52 | 4.40 | 4.64 | **4.43** |

***Просек по предмети и години во земјоделско ветеринарна струка***

Просек по предмети за стручно образование

| **ПРЕДМЕТИ** | I6 (прва) | I7 (прва) | II6 (втора) | II7 (втора) | II8 (втора) | III6 (трета) | IV6 (четврта) | IV7 (четврта) | **Среден успех** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Македонски јазик и литература | 2.80 | | 2.67 | | | 2.40 | 3.23 | | **2.78** |
| Турски јазик | | 3.00 | | 3.00 | | | | | **3.00** |
| Албански јазик | | | | | 3.00 | | | 4.00 | **3.50** |
| Македонски за заедниците | | 3.50 | | 3.00 | 2.67 | | | 3.00 | **3.04** |
| Англиски јазик | 3.60 | 3.00 | 3.89 | 4.00 | 2.00 | 2.00 | 3.15 | 3.00 | **3.08** |
| Информатика | 3.90 | 3.00 | 4.00 | 4.00 | 4.00 | | | | **3.78** |
| Историја | 2.80 | 3.00 | 2.89 | 4.00 | 4.00 | | | | **3.34** |
| Граѓанско образование | 2.80 | 3.00 | | | | | | | **2.90** |
| Спорт и спортски активности | 3.90 | 4.00 | 4.56 | 4.00 | 5.00 | 3.60 | 4.54 | 3.66 | **4.16** |
| Музичка култура | 5.00 | 5.00 | | | | | | | **5.00** |
| Ликовна уметност | 4.80 | 5.00 | | | | | | | **4.90** |
| Биологија | 3.60 | 3.50 | 3.33 | 4.00 | 2.33 | 2.80 | 4.00 | 3.00 | **3.32** |
| Хемија | 2.90 | 3.00 | 3.33 | 3.00 | 3.00 | | | | **3.05** |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Математика | 2.60 | 2.00 | 3.11 | 3.00 | 3.00 | | | | **2.74** |
| Физика | 3.10 | 3.00 | | | | | | | **3.05** |
| Земјоделство со риб и вет | 4.20 | 3.00 | | | | | | | **3.60** |
| Хигиена и б.на храна | 3.70 | 3.50 | | | | | | | **3.60** |
| Агрометео. со клим. | 4.10 | 3.00 | | | | | | | **3.55** |
| Анатомија со физ. | | | 3.67 | 3.00 | 3.67 | | | | **3.45** |
| Педологија | | | 3.67 | 3.00 | 3.00 | | | | **3.22** |
| Агрохемија | | | 3.56 | 3.00 | 3.00 | | | | **3.19** |
| Земјоделска механизација | | | 4.44 | 3.50 | 3.33 | | | | **3.76** |
| Поледелско про. | | | | | | 2.80 | 4.00 | 4.00 | **3.60** |
| Градинарско про. | | | | | | 2.80 | 4.08 | 4.00 | **3.63** |
| Лозарство | | | | | | 3.00 | 4.08 | 4.00 | **3.69** |
| Сточарско производство | | | | | | 3.40 | 4.38 | 4.00 | **3.93** |
| Заштита на растенијата | | | 3.78 | 3.50 | 3.67 | | | | **3.65** |
| Органско сточарско производсво/изборен | | | | | | | 4.54 | 4.00 | **4.27** |
| Цвеќарство | | | | | | 2.80 | 4.08 | 4.00 | **3.63** |
| Учење преку работа кај работодавач | | | 3.89 | 5.00 | 3.00 | 4.20 | 4.69 | 4.00 | **4.13** |
| Винарство /изборен | | | | | | 3.20 | | | **3.20** |
| Овоштарство | | | | | | 3.00 | 4.08 | 4.00 | **3.69** |
| **Вкупно** | **3.59** | **3.34** | **3.63** | **3.53** | **3.24** | **3.00** | **4.07** | **3.74** | **3.54** |

Постигнувањата на учениците во текот на учебната година се следат редовно и континуирано без разлика на пол и етничка припадност врз која се прават извештаи и анализи за успехот, посебно за секоја година

**Годишен извештај за успех и поведение на ученици во учебната 2024/2025 година од I-IV**

***Постигнат успех на учениците***

ВКУПНО УСПЕХ ЗА ГИМНАЗИСКО

| КЛАС | одлични | мн.добри | добри | доволни | со1 слаба | со 2 слаби | со 3 слаби | со 4 и пов |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| I | 31 | 16 | 17 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| II | 28 | 11 | 4 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| III | 32 | 15 | 6 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| IV | 39 | 13 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| вкупно во сите години | **130** | **55** | **27** | **0** | 0 | 0 | 0 | 0 |

Вкупно-успех за земјоделско-ветеринарна струка

| година | одлични | мн.добри | добри | доволни | со 1 сл | со 2 слаби | со 3 слаби | со 4 сл |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| I | 1 | 5 | 6 | 3 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| II | 1 | 8 | 6 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| III | 0 | 2 | 2 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| IV | 4 | 9 | 3 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| вкупно | **6** | **24** | **17** | **4** | 0 | 0 | 0 | 0 |

| | |
|---|---|
| **Записници од стручни служба**<br><br>**Е-дневник на паралелка** | Напредокот и постигањата на учениците кои имаат потешкотии во учењето или учениците со посебни потреби секогаш заземале свое соодветно место во целокупниот наставен процес во училиштето, така што секогаш внимателно и одговорно се следело и се следи нивното учење, напредок, поведение и постигања. Бројот на таквите ученици е прилично мал, но не и незабележителен. Пристапот кон овие ученици од страна на предметните наставници е секогаш посебен, со посебно нивно ангажирање и поголемо внимание преку реализација на Програма за ученици со посебни потреби, а училиштето реализира свои соодветни активностите за подобрување на процесот на реализација на наставната програма за овие ученици. Училиштето и министерството исто така, за нив ангажираат образовни асистенти.<br>Посебно се ангажира раководителот на паралелката за нивна поуспешна социјализација и прифаќање од страна на другите ученици во паралелката и училиштето. Наставниците, стручната служба и директорот редовно соработуваат со децата, родителите и локалните претпријатија. Ваквиот начин на следење и пристап кон овие ученици дава добри резултати за што зборува фактот дека овие ученици успешно го завршуваат своето образование и дел од нив се редовно вклучени во процесот на производство и се примерни граѓани на ова општество. |
| **Годишен извештај за работа на училиштето**<br><br>**Е-дневник на паралелката**<br><br>**Записник од совет на паралелка**<br><br>**Записник од стручна служба** | Во текот на учебната 2024/2025 година образовниот циклус во Септември го започнале вкупно 265 ученици. Во текот на учебната година придошле 3 ученици а 2ца се испишале. На крајот на учебната година завршиле 263 ученици, а тројца ја повторувале годината. Изразено во проценти 99 % од учениците го завршиле образовниот циклус. |
| **Е-дневник на паралелка**<br><br>**Записници од стручна служба** | Училиштето досега успешно се справува со оваа категорија на ученици, се со цел да ги задржи во образовниот циклус, а тоа го прави преку сите форми и активности кои постојат во образовниот процес. Тие форми се следниве: разговор и педагошки совети од страна на класниот раководител и предметните наставници, разговор и педагошки совети од стручна служба, разговор и педагошки совети од страна на директорот, разговор и педагошки совети од наставничкиот совет и разговор и соработка со родителите на учениците. Други форми кои што ги применува училиштето а се на барање на таквите ученици се префрлување во други паралелки и префрлување од една во друга образовна насока и префрлување од редовна во вонредна настава врз основа на критериумите за таков вид настава. Сите овие активности училиштето ги прави според законските одредби. |
| **Писмена жалба**<br><br>**Статут на училиштето** | Во училиштето постои процедура според која ученикот кој ја повторува годината и кој притоа смета дека му е направена некоја неправда, може да поднесе приговор или жалба до наставничкиот совет и врз основа на приложените аргументи во жалбата, советот решава за истата. |

**Резултати: Овде треба накратко да ги образложите вашите клучни јаки страни и слабости**

**Клучни јаки страни**

- **Добар раководен орган, соодветен и добар стручен кадар кој е во согласност со условите и методите кои ги има училиштето, и кој секогаш се стреми кон постигнување на што подобар успех на учениците.**
- **Целосна и комплетна анализа и преглед на постигањата на учениците по наставни предмети, наставни години, по полова и етничка структура.**
- **Перманентно следење, работа и преземање на соодветни мерки за учениците со потешкотии и посебни потреби во учењето со цел поуспешно да го завршат образовниот циклус од страна на класниот раководител, наставниот кадар, стручните служби, раководниот орган и образовните асистенти.**
- **Образовниот циклус го завршуваат најголем дел од учениците.**
- **Училиштето е отворено за соработка со родителите на учениците, локалната самоуправа и локалните претпријатија со кои заедно редовно се следи и анализира успехот, редовноста, напредокот и дисциплината на учениците**
- **Соодветна училишна спортска сала за реализација на посовремена и поквалитетна настава.**

**Слабости**

- **Немање на доволен број на современи наставни и нагледни средства и помагала, клучни за постигнување на подобар успех на учениците.**
- **Не секогаш има доволно учебници по одделни наставни предмети-добиени од МОН**
- **Недоволно ангажирање и мотивираност на некои ученици кон наставниот процес-предмети, а со тоа и подобрување на постигнатите резултати на учениците.**
- **Немање на Кариерен центар кој ќе им помогне и ќе ги насочи учениците за продолжување на образовниот процес во иднина.**
- **Недостаток на наставен кадар за некои наставни предмети од турскиот и албанскиот наставен јазик.**

**Анализа на резултатите:**

***Овде дадете подетална евалуација на ова подрачје***

За подобрување на успехот и постигањата на учениците во училиштето се држи квалитетна настава, се користат наставни средства и помагала согласно условите на училиштето, наставата се држи во кабинети и училишни простории по наставни предмети за кои постојат услови како и во приватни локални претпријатија каде учениците се стекнуваат со практична обука за реализација на наставната програма од дуалното образование како и условите и квалитетот на реализација на практичната настава во училишните земјоделски насади. По одделни наставни предмети се организира додатна и дополнителна настава пак во согласност со условите во училиштето. Се реализираат проектни активности со што се помагаат и зголемуваат постигнувањата на учениците и се поттикнува нивната ангажираност, мотивираност и креативност. Се организираат стручно-научни екскурзии. Редовно и одговорно од страна на предметните професори и класните раководители се следат редовноста, успехот и дисциплината на учениците кои преку нивни извештаи се претставуваат на наставничките совети. Континуирано подобрување на постигнатиот успех по наставните предмети. Перманентно се следи успехот на учениците со посебни потреби и на оние кои имаат потешкотии во учењето и истите го завршуваат образовниот циклус со тоа што за нив од страна на училиштето и МОН се ангажираат образовни асистенти. Се врши споредување на успехот на учениците по класови и години. Не е голем бројот на ученици кои се подложни на отсуство од училиштето. Но, училиштето преку одредени форми и активности во наставата успешно се справува со овие проблеми, се со цел да се спречат истите. Во училиштето постои процедура ученикот кој ја повторува годината да може да поднесе жалба до службите во училиштето, односно приговор до наставничкиот совет кој пак целосно, законски и правилно решава по истата. За оние ученици кои сакаат и притоа ги исполнуваат критериумите можат да се префрлат од редовна во вонредна настава. Според оваа анализа проценуваме дека треба да се зголеми бројот на кабинети и соодветни простории и да се подобрат условите во веќе постоечките простории и кабинети за извршување на поквалитетна и современа настава, како и недостатокот на наставен кадар за некои наставни предмети на турски и албански наставен.

**Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**

1. **Подобрување на условите за работа и снабденоста со современи наставни помагала;**
2. **Зголемување на бројот на училници, кабинети и соодветни простории за реализација на наставата и подобрување на веќе постоечките;**
3. **Зголемување на бројот и набавка на наставни средства, стручна литература, ИКТ техника и помагала потребни за квалитетна настава;**
4. **Подобрување на условите и опремување на кабинет за практична настава за реализација на наставните програми од дуалното образование, практичната и феријалната пракса во земјоделските насади и постојана набавка и опремување со нови алатки и земјоделски машини;**
5. **Мотивирање на учениците за подобри постигнувања по наставните предмети и натпревари;**
6. **Формирање и активирање на Кариерен центар;**
7. **Обука на наставници и стручни соработници по сите наставни предмети заради осовременување на наставата.**

***Во евалуацијата на ова подрачје треба да одговорите на што е можно поголем број од главните прашања.***

***Можете да додадете и одговори на други прашања кои сметате дека се важни за вашето училиште а не се опфатени во рамката за самоевалуација.***

***Треба да направите обид да ги вклучите колку што е можно сите клучни фактори во вашето училиште и во локалната заедница и каде потребно да внимавате на родовите односи кои може да влијаат на квалитетот на учење и настава во вашето училиште.***

***Не се потпирајте само на пишани документи. Обезбедете да податоците собрани во оваа област исто така вклучуваат колку што е можно и пишани коментари, набљудувања и визуелни докази.***

**Оддели во рамките на подрачјето:**

## 3.1 Планирања на наставниците

## 3.2 Наставен процес

## 3.3 Искуства на учениците од учењето

## 3.4 Задоволување на потребите на учениците

## 3.5 Оценувањето како дел од наставата

## 3.6 Известување за напредокот на учениците

| **Собирање на податоци (Кои податоци се собрани: Кои методи се користени).<br>(I) Обработка на документи** | |
|---|---|
| **Наведете ги сите документи кои се прегледани.** | **Кои информации се собрани?** |
| **Годишна програма за работа на училиштето<br>Годишни и тематски планови<br><br>Дневни подготовки на наставниците<br>Е-дневник на работа<br><br>Извештај од следење на планирањето** | Наставниот кадар во училиштето за реализација на наставните планови и програми подготвува годишни (глобални) планови, тематски планови според добиените планови и програми од МОН и БРО во согласност со видот за реализација на наставата. Потоа наставниците за реализација на наставните содржини прават свои дневни подготовки за реализација на наставните часови. Доброто планирање и подготовка и самата реализација на тие годишни, тематски и дневни планирања го прави процесот на учење и настава во согласност со видот на истата, поквалитетен и подобар. Училиштето има систем за следење на планирањата на наставниците, а тоа се врши преку преглед на изготвените годишни и тематски планирања, потоа преку посета на час од страна на психологот и директорот. Исто така во училиштето од страна на директорот со големо внимание и стручност се следи реализацијата на годишните, тематските и дневните планирања на стручното-дуалното образование, посебно на практичната настава – професионална и феријална пракса како и реализацијата на вон-наставните активности и училишните секции. |
| **Годишна програма за работа на училиштето<br>Покани за семинари и обуки<br>Сертификати** | Училиштето на наставниците им дава поддршка, со цел поефикасно да ги испланираат нивните планови и програми, преку обезбедување на обуки, семинари и стручни усовршувања од соодветната област од страна на школото но и поддршка за реализација на индивидуално усовршување и обуки, се со цел за поефикасно планирање и реализирање на наставните планови и програми. |
| **Годишна програма за работа на училиштето** | Наставниците за размена на искуства и информации во планирањето користат разни методи и тоа: меѓусебни договарања, информирање, споредување различни мислења, интерни предавања, соработка со колегите по стручни активи, тимска работа, користење на интерактивни техники, МИО, Еко активности итн. |
| **Распоред на часови во училиштето** | За континуиран тек на наставниот процес во училиштето се изработува годишен распоред на часови по паралелки, наставници и предмети со можност за промена според потребите. |
| **Дневни подготовки на наставниците<br>Извештаи од посета на час** | Во реализацијата на наставата, предметните наставници користат и практикуваат разновидни (во зависност од целта и типот на часот) и адекватни наставни форми и методи во согласност со условите во училиштето. |
| **Статут на училиштето<br>Годишна програма за работа на училиштето<br>Е-дневник на паралелка<br>Извештаи од реализација на практична земјоделска работа<br>Евиденција од реализираната практична настава кај работодавач** | Постои взаемна интеракција помеѓу наставниците и учениците во реализацијата на наставниот процес во училиштето и надвор од него при реализација на воннаставните активности како и во реализација на практичната настава од стручно-дуално образование. Во училиштето во наставниот процес не постои никаква разлика по полова и етничка припадност, социјален статус на учениците т.е. тие подеднакво се третираат од страна на предметните наставници, стручните служби и раководниот орган, и не постојат никакви стереотипи за поделба на машки и женски активности и професии. |
| |  |

| | |
|---|---|
| **Извештаи од посета на часови**<br><br>**Записник од наставнички совет**<br>**Записници од стручни активи**<br><br>**Извештаи од реализација на практична земјоделска работа**<br><br>**Евиденција од реализираната практична настава кај работодавач**<br><br>**Известување по конечен извештај од извршена интегрална евалуација на СОУ "Цар Самоил"- Ресен** | Училиштето континуирано ја следи и оценува работата на наставниците преку повеќе различни форми и активности: преку следење на реализацијата на тематските и дневните планирања, преку посета на часови од страна на директорот заедно со стручната служба, подрачните образовни инспектори, стручни советници, и сето тоа во зависност од видот на настава. Преку увид во е-дневникот од страна на групи наставници по учебни години се врши проверка на педагошка евиденција и документација, како и за главни книги и свидетелства. Реализирање на предвидени активности на стручни активи, реализација на проекти (вонннаставни активности), преку следење на реализација на земјоделската пракса – професионална и феријална во училиштето, соработката со локалните претпријатија и соработката со локалната заедница. Од оценетата работа на наставниците, добиените резултати од ова оценување училиштето преку соодветните органи и активности, ги корегира недостатоците во реализацијата на наставната програма од страна на предметниот наставник, а ги утврдува позитивните активности во работата на предметниот наставник, и врз основа на таквите резултати се реализираат потребни стручни советувања, советодавни разговори, разни работилници и други активности, форми и методи, се со цел за подобрување и професионален развој на наставниците и стручната служба во наставниот процес. Во контекст на професионалниот развој на наставниот кадар и стручните соработници од извршената интегрална евалуација од 11-13.11.2024, во рамките на програмата за професионален развој на наставниот кадар и стручните соработници бр. 01-356/4 од 30.09.2024 се планирани активности и обуки со кои ќе се обезбеди користење на разновидни интерактивни техники во поголем дел од часот. |
| **Статут на училиштето**<br><br>**Е-дневник на паралелката**<br><br>**Видео и фото документи**<br><br>**Брошури**<br><br>**Евидентни листови** | Наставниот кадар, заедно со раководниот, стручната служба и техничкиот персонал, секогаш се стремат да обезбедат подобра и поквалитетна средина за учење преку реализација на различни активности, форми и методи со цел да ги стимулира учениците од двата пола, различен етникум и социјално потекло да постигнат подобри резултати и успех во учењето. Прво и основно е тоа што училиштето правилно и подеднакво ги вреднува ангажираноста на учениците, вложениот труд во учењето без притоа да прави било каква разлика помеѓу учениците. За послабите ученици се организира дополнителна, а за подобрите додатна настава. Ги поддржува и помага активностите кои ги реализира Средношколската младина, излегува во пресрет на решавање на сите проблеми кои се појавуваат во текот на наставниот циклус, организира разни манифестации во соработка со локалната самоуправа и со други општини, ги наградува учениците што постигнуваат значајни резултати во разни натпревари од МОН и БРО и организира предавања за идна професионална ориентација на учениците по завршување на средното образование. |
| **Изложени материјали од разни секции и активности на учениците**<br>**Е-дневник на паралелка**<br>**Видео записи**<br>**Фотографии** | Во училиштето се изложуваат и се презентираат трудовите на учениците од различни реализирани активности во училиштето од разни секции, проектни активности и активности во соработка со локалната средина и други содржини. Изложените трудови подеднакво ги претставуваат сите ученици без никаква разлика. Во училиштето во текот на наставната година, се организираат активности од страна на стручните активи за одбележување на посебни дати важни за соодветното подрачје-актив. |

| | |
|---|---|
| **Годишно планирање**<br>**Годишен извештај за работата на Училиштето**<br>**Е-дневник на паралелка**<br>**Изработени материјали од учениците**<br>**Фотографии**<br>**Видео записи** | Училиштето ги охрабрува учениците преку разни форми и активности во и вон наставата, ги помага и поддржува да превземаат лична одговорност, самостојно да работат, активно да се вклучат во учењето преку давање на свои идеи, предлози, практични активности и изработка на проекти, како на пример: организација на манифестацијата по повод Преспанскиот Јаболкобер, Манифестација за борба против сидата, Проект за реконструкција и опрема на дел од просторот на старата спортска сала внатре во училиштето”кај акцелераторот” и други активности во соработка како со локалната заедница така и други различни организации. Посебно се охрабруваат учениците од стручното образование коишто со помош на предметните професори ја реализираат самостојно и активно земјоделската пракса и работа со земјоделска механизација на земјиштето кое го поседува училиштето, а се состои во одржување на насадот. |
| **Е-дневник на паралелката**<br><br>**Евидентни листови** | Образовните потреби на учениците во училиштето се идентификуваат со реализација на наставните содржини и други активности од наставните предмети, односно со каков успех, мотивираност, залагање и ангажираност, учениците ги совладуваат наставните содржини. Исто така, образовните потреби се идентификуваат со редовноста, дисциплината и односот на учениците во и надвор од училиштето, преку додатно залагање на учениците за одредени наставни предмети, области и активности. |
| **Извештаи од стручни активи**<br>**Досиеја од проектни активности**<br>**Фотографии**<br>**Видео записи** | Наставниците во наставата применуваат разни начини и форми за учество на ученици во различни активности и тоа: формирање на различни секции во кои се реализираат различни активности за кои што учениците пројавиле потреба и интерес. Исто така, со реализација на проектни активности по различни подрачја, на учениците им се овозможува учество во истите, зависно од тоа за која активност имаат потреба. |
| **Е-дневник на паралелката**<br>**Евидентни листови**<br>**Досиеја на ученици** | Училишната политика за оценување на учениците е во таа насока што во текот на наставниот процес континуирано се оценуваат преку изработка на домашни задачи, усни одговори за време на часот, писмени работи и писмени тестови, изработка на проектни активности, дисциплина и редовност во текот на учебната година за истото да биде поконструктивно и секогаш да се задржат вистинските критериуми за оценувањето да биде пообјективно и правилно.<br>Учениците за својот напредок добиваат информации од предметниот наставник, класниот раководител, стручната служба и директорот, преку сите расположливи видови на комуникација со сите нив и преку пишаните педагошки документи за информирање. |
| **Е-дневник на паралелка**<br>**Евидентни листови**<br>**Записник од стручна служба**<br>**Записник од наставнички совет** | Училиштето ги информира родителите за напредокот на учениците преку родителските средби, разговор со предметните наставници, стручни служби, директор и преку СМС пораки до родителите електронски преку е-дневникот. Тие информации секогаш се објективни, точни, реални и се однесуваат за нивниот успех, редовност, поведение и дисциплина. Училиштето одговара објективно, реално, точно и секогаш во согласност со реалните постигнувања на учениците и секогаш е отворено за разговор и соработка со родителите. |

| **Собирање на податоци (II) кои други методи се користени за собирање на податоци? (пр. прашалници, анкети, набљудувања...)** | | |
|---|---|---|
| **Наведете ги другите методи кои се користени за собирање на податоци** | **Учество: Кој беше вклучен во собирање на овие информации** | **Кои информации се собрани?** |
| **Анкета за ученици**<br><br>**Метод на набљудување** | **Членови на работниот тим** | Од вкупно анкетирани 100 ученици, 77% сметаат дека наставниците користат разновидни форми и методи во нивната работа како услов за зголемување на интересот за учење.<br>65% од учениците се задоволни од начинот на оценување од страна на наставниците.<br>76% од учениците сметаат дека се редовно информирани за нивните постигнувања. |
| **Метод на набљудување**<br><br>**Интервју со предметни наставници** | **Членови на работниот тим** | По извршеното набљудување и интервју со одредени предметни наставници, констатирано е дека за работа и оценување на учениците со различни способности за учење и посебни потреби се изготвуваат посебни програми со критериумите за оценување кои се разликуваат од тие за другите ученици т.е. се намалуваат, и во оценувањето се користат други форми, методи и начини на нивно оценување, исто така со намалени критериуми. |
| **Анкета за наставници** | **Членови на работниот тим** | Од вкупно анкетирани 31 наставници, 74% се задоволни од можностите што ги дава училиштето за нивно професионално усовршување. |
| **Анкета за родители** | **Членови на работниот тим** | Од вкупно анкетирани 40 родители, 85% одговориле дека се задоволни од начинот на оценувањето на нивните деца.<br>Од исто толку анкетирани родители 100% од нив се доволно информирани за успехот, редовноста и поведението на нивните деца. |

**Резултати: Овде треба накратко да ги образложите вашите клучни јаки страни и слабости**

**Клучни јаки страни**

- **Целосно изработени годишни (глобални), тематски планирања и дневни подготовки од страна на наставниците врз основа на видот на настава.**
- **Помош и подршка на наставниот кадар во планирање на часовите.**
- **Следење и посета на наставни часови.**
- **Изработен распоред на часови по сите наставни предмети.**
- **Соработка на наставниците во планирањето на наставните часови.**
- **Навремена проверка на педагошка евиденција во електронски дневник, главна книга и свидетелства од страна на тим на наставници.**
- **Обезбедување на соодветна средина и атмосфера за учење и реализација на наставата.**
- **Разновидност во користењето на адекватни наставни форми и методи во наставата (во зависност од условите на училиштето) и соодветната обученост на наставниците преку разни проекти.**
- **Соработка на наставниците со сите ученици без правење на било каква разлика според етничка и социјална припадност.**
- **Соработка на наставниците со сите ученици без правење на било каква разлика според етничка и социјална припадност при организирање на различни активности на ниво на Актив низ текот на целата учебна година.**
- **Навремена реализација на професионалната и феријалната пракса со учениците од земјоделско-ветеринарна струка.**
- **Објективно оценување на учениците без разлика на пол, етничка припадност и социјален статус.**
- **Редовно и навремено информирање на учениците и родителите за напредокот, успехот и редовноста.**
- **Поддршка на наставниот кадар за нивен професионален развој.**

**Слабости**

- **Недоволен број на соодветни и адекватни училишни простории и кабинети, но и доопремување на постоечките кабинети за квалитетна настава.**
- **Недостаток на нагледни средства и помагала за реализација на наставата.**
- **Застареност на веќе постоечките наставни средства и помагала.**
- **Застареност на некои од земјоделските машини, алатки и средства што се користат за реализација на праксата и земјоделски активности во овошните насади.**
- **Потреба од поголема изложеност и иновативност во изложувањето на ученичките трудови во просториите на училиштето.**
- **Недоволна примена и целосна набавка на современа информатичка технологија за процесот на учење и настава поради недоволно современо опремени кабинети, училници и простории со соодветна информатичка опрема и технологија.**

**Анализа на резултатите:**

***Овде дадете подетална евалуација на ова подрачје***

Сите наставници во училиштето редовно изготвуваат годишни и тематски распределенија за секој предмет поодделно. Следењето на годишните и тематските распределенија постои и се сведува на посета на час од страна на директорот, стручната служба, ДПИ, БРО и заклучокот е дека тие распределенија се добро изработени. Училиштето дава поддршка и помош на наставниците при планирање на наставата преку службени разговори, упатства и инструкции за тоа што им е достапно од страна на кабинети, училишни простории и други материјали и ресурси. Училиштето секогаш изготвува распоред на часови за реализација на наставата. Наставниците на службени или неслужбени состаноци користат разни методи за споделување на искуства и информации при планирањето на наставата и тоа најчесто го прават преку консултации, размена на мислења и идеи. Разновидноста и адекватноста на користење на наставни форми и методи при планирањето на наставата се користат доволно и секаде кадешто има услови за нивна примена. Најчесто се користат тие форми и методи кои даваат најдобри резултати за активна работа со учениците и преку кои тие постигнуваат најдобри резултати. Во училиштето од страна на раководниот, наставниот кадар, стручната служба и техичкиот персонал, секогаш се внимава да се обезбеди што подобра атмосфера и средина за учење. Секогаш постои една добра интеракција меѓу наставник и ученик се со цел да се постигне поквалитетен процес на учење т.е. настава а со тоа и подобро оценување. Во училиштето подеднакво се третираат сите ученици без никаква разлика; за сите процесот на настава е ист и не постојат никакви стереотипи.
Работата на наставниците се оценува преку посета на часови, следење на имплементацијата на глобалните и тематските распределенија во наставата и давање консултации и помош на оваа тема. Училиштето секогаш ги стимулира и мотивира учениците без било каква нивна разлика и тоа го прави низ различни форми и активности како што се организирање на додатна и дополнителна настава (но не располага со Кариерен центар). Ученичките трудови направени во соработка со наставниците, треба да се изработуваат во поголем број и истите да се поиновативни, посовремени и редовно да се изложуваат во училишните простории, но според постоечките услови кои ги има во училиштето. Училиштето помага и ги охрабува учениците во нивните добри педагошко-воспитни постапки и активности, се со цел да тие ученици се здобијат со поголеми знаења, да се зголеми нивната лична одговорност, самостојно да размислуваат и активно да се вклучат во процесот на учење и настава. Училиштето тоа го прави преку реализација на разни проектни активности, воннаставни активности, слободни активности и активности во соработка со локалната средина и локалните претпријатија, и секогаш се настојува да се во што поголем број. Училиштето и активот по земјоделски предмети непречено ја реализираат професионалната и феријалната пракса со учениците како и настават со дуалните паралелки преку добра соработка со фирмите и претпријатијата. Секогаш се настојува училиштето да ги обнови земјоделските машини и алатки за поуспешна реализација на праксата и работните активности во овошните насади.
Образовните потреби на учениците се идентификуваат преку успешното и квалитетно совладување на наставните содржини од наставната програма преку нивната редовност, дисциплина, мотив и потреби за додатна, дополнителна и друг вид на настава.
Училиштето секогаш излегува во пресрет на наставниците и им дава подршка во подобрување на процесот на настава со цел тоа да биде поквалитетно и подобро, и да ги задоволи индивидуалните потреби на учениците. Тоа го прави преку разни советодавни разговори, консултации и помош при планирање на наставата. Училиштето има тим од наставници за проверка на педагошка евиденција во електронски дневник, главна книга и свидетелства. Стручните активи низ цела учебна година организираат настани со мешани ученици од сите етнички групи.
74% од наставниците се задоволни од можностите што ги дава училиштето за нивно професионално усовршување.

| |
|---|
| 77% од учениците сметаат дека наставниците користат разновидни форми и методи во нивната работа за зголемување на интересот за учење. 65% од учениците се задоволни од начинот на оценување од страна на наставниците. 76% од учениците сметаат дека се редовно информирани за нивните постигнувања. Училиштето на родителите секогаш им дава точни, правилни информации за успехот, редовноста и поведението на нивните деца, така што 100% од нив одговориле дека се доволно информирани за успехот, редовноста и поведението на нивните деца. |
| **Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето** |
| **1. Подобрување на условите за работа во кабинетската настава каде нема компјутери и друга информатичка технологија и зголемување на бројот и квалитетот на наставните средства и помагала како и нивно осовременување;**<br>**2. Подобрување на инфраструктурните, надворешни и внатрешни капацитети на училиштето за реализација на поквалитетна настава и поквалитетен процес на учење како и подобрување на условите и можностите за реализација на феријалната и професионалната пракса;**<br>**3. Зголемување на воспитно-педагошкиот капацитет кај учениците во наставата за реализација на поквалитетна настава;**<br>**4. Зголемување на обемот на реализацијата на вон-наставните активности;**<br>**5. Подобрување на работата и соработката на стручните активи при реализација на нивните програми во текот на цела учебна година;**<br>**6. Зголемување на квалитетот на реализацијата на додатната и дополнителната настава;**<br>**7. Обука на наставен кадар и стручни служби за примена на наставни методи, форми, информатичка технологија, техники и стратегии кои ќе се користат во наставата, процесот на учење и интеракција со учениците при реализација на наставата-како и обука на наставници за реализација на разни проекти;**<br>**8. Набавка на современа информатичка технологија и опрема за подобро опремени кабинети, училници и простории за подобрување на процесот на учење и настава.** |

***Во евалуацијата на ова подрачје треба да одговорите на што е можно поголем број од главните прашања.***

***Можете да додадете и одговори на други прашања кои сметате дека се важни за вашето училиште а не се опфатени во рамката за самоевалуација.***

***Треба да направите обид да ги вклучите колку што е можно сите клучни фактори во вашето училиште и во локалната заедница и каде потребно да внимавате на родовите односи кои може да влијаат на квалитетот на учење и настава во вашето училиште.***

***Не се потпирајте само на пишани документи. Обезбедете да податоците собрани во оваа област исто така вклучуваат колку што е можно и пишани коментари, набљудувања и визуелни докази.***

**Оддели во рамките на подрачјето:**

## 4.1 Севкупна грижа за учениците

## 4.2 Здравје

## 4.3 Советодавна помош за понатамошно образование на учениците

## 4.4 Следење на напредокот

| **Собирање на податоци (Кои податоци се собрани: Кои методи се користени).**<br>**(I) Обработка на документи** | |
|---|---|
| **Наведете ги сите документи кои се прегледани.** | **Кои информации се собрани?** |
| **Статут на училиштето**<br><br>**Годишна програма за работа на училиштето**<br><br>**Записник од стручната служба**<br><br>**Е-дневник на паралелка** | Во училиштето постојат форми и активности кои се користат за обезбедување на нормални услови во кои учениците можат во една добра училишна клима да стекнуваат нови знаења и го реализираат образовниот циклус. Училиштето преку разни форми и активности е скоро целосно запознато со психо-физичкиот живот на учениците, нивните одделни психички процеси и промени кои се случуваат во пубертет и адолесценција, мотивираноста кај децата, поведението и дисциплината, се со цел да на учениците им се пружи и обезбеди соодветна грижа, благосостојба, и нивна заштита, без разлика на пол, етничка припадност, социјален статус или со посебни потреби. Овие форми, методи и активности некогаш се делумно ефикасни и затоа треба да се осовременат и подобрат. Во училиштето постои добра комуникација меѓу наставник и ученик, стручната служба и ученик, наставник /стручна служба/директор и родител. Исто така во училиштето постои и добра комуникација и соработка меѓу образовните асистенти и учениците, наставниците, стручната служба и директорот на училиштето. Кога проблемите не можат да се решат со овие форми и активности на помош и соработка се викаат други служби, на пр: МВР, медицинска служба, социјален работник, невладини организации и други стручни служби кои што реализираат предавања за заштита од пушење, алкохол и дрога и учениците се едуцираат за штетните влијанија од пушењето, алкохолот и дрогата и за нивно оттргнување од овие пороци. Исто така, преку предавања од страна на стручната служба учениците се запознаваат со превенција од насилство. Поголем број на учениците од нашето училиште се снабдуваат со храна од приватен сектор којшто има и соодветен квалитет и е достапен во близина на училиштето. Емоционалните, социјалните и физичките потреби на учениците се следат редовно и континуирано и ако има потреба истите се дијагностицираат и решаваат со форми и активности во рамките на училиштето, кои претходно беа спомнати, или со форми и активности кои се однесуваат на соработка со надворешни служби и инстититуции кои исто така беа претходно споменати.<br>Во контекст на грижата, благосостојбата и заштитата на учениците, доколку за еден или повеќе ученици постои сомневање дека физички, ментално или психички се злоупотребувани, и откако учениците го пријавиле тоа без разлика дали на класниот раководител или стручната служба, училиштето понатаму превзема соодветни мерки и активности на пр: интервенција на МВР, здравствен дом, центар за социјални грижи и други институции.<br>На учениците од социјално загрозените семејства им се овозможува помош во храна и друг вид на помош во соработка со Црвениот Крст. |

| | |
|---|---|
| **Закон за средно образование**<br><br>**Материјали од презентации**<br><br>**Статут на училиштето**<br><br>**Годишна програма**<br><br>**Записник од стручната служба**<br><br>**Е-дневник за работа на паралелките** | Хигиената во училиштето е на завидно ниво со можност за подобрување, санитарните јазли се реновирани и опремени на двата ката. За заштита од болести на учениците им се укажува преку разни соопштенија од страна на МОН, предавања од здравствени работници како и од стручната служба.<br><br>Училиштето преку разни форми и активности ги открива, дава известување за ученици со физички и ментални проблеми и посебни потреби, а најчесто се користат информативни разговори со родителите, роднините и соучениците. Исто така самиот процес на настава е доста добар за да се откријат ваквите ученици. Стручните служби играат исто така, голема улога во откривањето, следењето и решавањето на проблемите на ваквите ученици. Класниот раководител при секојдневен контакт и комуникација со децата, може да открие и воедно да даде известување на родител, директор или наставнички совет за некој ваков проблем. Постои големо разбирање и соработка помеѓу наставниците, стручните служби и директорот со родителите на учениците со вакви здравствени проблеми и секогаш безрезервно им се помага.<br>Со законска процедура училиштето на учениците кои имаат здравствени проблеми и не можат да ја следат програмата им обзбедува да полагаат испит на годината. Во училиштето постои законска процедура според која бремените девојки мораат да го напуштат редовното школување и ако сакаат да го продолжат своето образование, продолжуваат со полагање на вонредни испити како вонредни ученици. Исто така, училиштето води грижа за учениците со емоционални потешкотии со кои што работат стручните служби и наставниците. |
| **Статут на училиштето**<br><br>**Е-дневник на паралелка**<br><br>**Книга за дежурство на наствници** | За заштита на просториите и имотот, во училиштето работи чуварска служба. Во внатрешните простории-ходниците и училишниот двор има поставено мониторинг систем кој е во фаза на ставање во функција. Додека пак мониторинг системот е целосно функционален кај земјоделската механизација. За време на работниот ден се организираат дежурства во и надвор од училиштето од страна на вработениот кадар, кои навремено известуваат за било каков несоодветен однос кон опремата и училишниот инвентар, несоодветна појава или присуство на надворешни лица во училиштето за кои притоа се води евиденција. |
| **Записници од стручната служба.**<br><br>**Е-дневник на паралелката**<br><br>**Записници од родителските средби**<br><br>**Записници од наставнички совети** | Училиштето ги информира учениците и родителите за помошта што можат да ја добијат од стручната служба во училиштето, преку класните часови, разговор со предметниот наставник, разговор со класниот раководител, родителски средби и разговор со директор. Се води евиденција од страна на класните раководители, наставниците и наставничките совети за индивидуалниот напредок на учениците и се прави анализа на напредокот на учениците индивидуално и по паралелки. |

| | |
|---|---|
| **Материјали за презентација**<br><br>**Е-дневник на паралелка** | За помошта на учениците за избор на нивно натамошно образование, обука или вработување, училиштето секогаш со своите форми и активности помага во доменот на неговите можности и тоа преку организирање на презентации од високо-образовни институции, работнички универзитети, разговор со стручни соработници, разговор со класен раководител, стручни наставници, Биро за вработување. |
| **Е-дневник на паралелка**<br><br>**Записник од стручни служби**<br><br>**Годишен извештај за работа на училиштето**<br><br>**Статут на училиштето**<br><br>**Записник од наставничкиот совет**<br><br>**Евидентни листови за успехот на учениците** | Во училиштето се води навремена, континуирана евиденција за успехот и напредокот на учениците, нивната редовност и поведение. Класните раководители ги регистрираат оправданоста и неоправданоста на редовноста на учениците, го следат нивното поведение и успех, такашто во случај на зголемување на неоправданото отсуство, со учениците, веднаш преку стручната служба се информираат родителите, во усна и писмена форма, и на појава на недолично однесување, наставничкиот совет и директорот. Успехот се разгледува на наставнички совети, во присуство на директорот. Потоа овие резултати преку родителски средби се пренесуваат на родителите. Секој класен раководител, во првиот работен ден во неделата ги сумира сите отсуства и други податоци во дневникот на паралелката и притоа се соопштуваат на учениците.<br>Ваквата евиденција секогаш им е достапна на сите наставници, директорот, учениците и родителите. Врз основа на добиените податоци се прави анализа на истите од страна на стручната служба, наставниците и директорот, и се превземаат активности во правец на подобрување на редовноста, поведението и успехот на учениците, се со цел да се подобрат резултатите во образовниот циклус, и понатаму учениците да се насочуваат кон правилен избор на својата идна професија. Во случај да ученикот премине од едно во друго училиште, училиштето од коешто преминал ученикот во другото училиште, доставува документи и податоци за ученикот и тоа за неговиот успех, поведение и редовност. Во отсуство на такви документи, раководниот орган на училиштето, директно или преку службите, стапуваат во контакт со претпоставените од соодветното училиште и ги бараат податоците за ученикот. |

| Собирање на податоци (II) кои други методи се користени за собирање на податоци? (пр. прашалници, анкети, набљудувања...) | | |
|---|---|---|
| **Наведете ги другите методи кои се користени за собирање на податоци** | **Учество: Кој беше вклучен во собирање на овие информации** | **Кои информации се собрани?** |
| **Анкета за ученици**<br><br>**Интервју со ученици** | **Членови на работниот тим** | Од спроведената анкета за 100 ученици, околу 50% одговориле дека се навремено информирани за идната професионална ориентација по завршувањето на средното образование.<br>Од интервјуто и разговорот спроведен со учениците дознавме дека тие се чувствуват безбедно во училиштето. Од нив, најмногу соработуваат со класниот раководител и за нивните проблеми најчесто се обраќаат кај нив, кај директорот и стручните служби. |
| **Анкета за родители**<br><br>**Разговор и интервју со родители** | **Членови на работниот тим** | Од анкетата спроведена со 40 родители од различна полова и етничка припадност, 100% одговориле дека се доволно информирани за успехот, редовноста и поведението на нивните деца. 70% се задоволни од односот на стручните служби за безбедноста, грижата од страна на училиштето за социјалниот, емоционалниот и физичкиот развој на децата, додека пак 23% понекогаш се задоволни од односот на стручните служби за безбедноста, грижата од страна на училиштето за социјалниот, емоционалниот и физичкиот развој на нивните децата |
| **Анкета и прашалник за наставници** | **Членови на работниот тим** | Од добиените резултати од 31 наставници, 81%, сметат дека постојат форми и активности за заштита и грижа кон учениците и 74% од нив сметаат дека тие се доволно ефективни. Исто така, од истата анкета за наставници 58% од нив одговориле дека нема осипување на ученици во текот на наставната година. |
| **Разговор со училишен домаќин- хаус мајстор**<br><br>**Интервју со директор** | **Членови на работниот тим**<br><br>**Филип Ефтимовски**<br><br>**Динче Кочевска** | Во разговорот со училишниот домаќин дознавме дека во училишната зграда врз системите за водоснабдување, затоплување, а посебно на системот за електрична енергија во последнава години извршени се активности за нивно подобрување, и иако во некои делови тие се застарени и оштетени со нивно континуирано следење и поправка ја задоволуваат потребата на училиштето. Молерисување на внатрешниот дел од училиштето, стружење и лакирање на дел од паркетот од просториите во училиштето, сервисирање на громобранската инсталација и ПП апарати, промена на |

| | | |
|---|---|---|
| | | филтри, дизни на парни котли, реконструкција на спортската сала. Навремено се отклонуваат ситните дефекти на застарен или оштетен инвентар и се заменуваат со нови доколку има потреба за тоа. |
| **Разговор со стручна служба**<br><br>**Разговор со медицинска служба** | **Членови на работен тим** | Од разговорот дознавме дека во училиштето постојат ученици со посебни потреби на кои им е потребна сестрана помош, и кои таа помош, стручно и доследно на однапред дијагностициран проблем, во соработка со други релевантни институции им се дава и обезбедува образовен асистент.<br><br>Медицинската служба од Здравствениот Дом – Ресен, секогаш е спремна за соработка и помош во разрешување на случаите кои се пријавуваат од училиштето. Освен тоа, нудат соработка и за други активности кои се спроведуваат во училиштето. |

| Резултати: Овде треба накратко да ги образложите вашите клучни јаки страни и слабости |
|---|
| **Клучни јаки страни**<br><br>➢ Училиштето секогаш води грижа за заштитата, благосостојбата и безбедноста на учениците.<br>➢ Отворено е за соработка со родителите, надворешните стручни служби, се со цел да се подобрат условите за заштита на учениците.<br>➢ Стручните служби доследно и одговорно ја вршат својата работа за откривање и надминување на проблемите на учениците, од здравствен и психо-ментален карактер и притоа не прави никаква разлика помеѓу учениците.<br>➢ Училиштето има добра соработка со образовните асистенти и води грижа за условите за нивната работа.<br>➢ Училиштето во зависност од условите им помага во изборот на нивното понатамошно образование, обука или вработување.<br>➢ Се води точна и навремена евиденција за успехот, редовноста, поведението и развојот на учениците во училиштето.<br>➢ Учениците се снабдуваат со храна, од приватен сектор, којашто има и соодветен квалитет а се наоѓа во непосредна близина на училиштето. |
| **Слабости**<br><br>➢ Во училиштето не постои медицинска служба и адекватна просторија за медицинска помош.<br>➢ Не секогаш навремена можност на училиштето за брза и правовремена поправка на инвентарот, информатичката технологија, наставните средства и помагала поради тоа што не секогаш има доволно средства.<br>➢ Училиштето нема Кариерен центар. |

**Анализа на резултатите:**

***Овде дадете подетална евалуација на ова подрачје***

Формите и активностите кои се користат за обезбедување грижа и заштита на учениците до некој степен се ефективни и ефикасни, со можност во иднина истите да се осовременат и доследно да се применат. Училиштето преку самата реализација на наставата, преку класните раководители, и разговорот со родителите, ги идентификува и оценува учениците кои имаат посебни емоционални, физички и социјални потреби. Сите фактори кои се на располагање на училиштето ги користи, и тоа во една насока, на учениците да им се помогне да се заштитат и обезбедат. Училиштето најпрвин преку дијагностицирање и комуникација, на релација наставник-ученик, класен раководител-родител, стручен соработник-директор, образовен асистент со сите претходно наведени интерно, а во некои случаи и по потреба екстерно вклучува други служби и организации како МВР, здраствен дом и надворешни организации и институции, се со цел да им се даде поддршка на учениците. Училиштето ги помага и се грижи за сите ученици, ги зголемува нивните позитивни вредности, квалитети, ги насочува кон соработка, взаемно почитување, другарство, помагање на послабите ученици, се грижи за нивната благосостојба и заштита, вклучувајќи ги и учениците со посебни потреби. Секогаш по откривањето дека во училиштето постои и најмало сомневање дека некои ученици се ментално или физички злоупотребени од страна на соучениците, наставниците и стручните служби во училиштето превземаат конкретни мерки и истите се решаваат во самото училиште, а доколку не можат да се решат се упатуваат во други соодветни установи.
Хигиената во училиштето е на завидно ниво со можност и потреба за подобрување на истата. Во училишната зграда врз системите за водоснабдување, затоплување, а посебно на системот за електрична енергија во последнава години извршени се активности за нивно подобрување, и иако во некои делови тие се застарени и оштетени со нивно континуирано следење и поправка ја задоволуваат потребата на училиштето. Молерисување на внатрешниот дел од училиштето, стружење и лакирање на дел од паркетот од просториите во училиштето, сервисирање на громобранската инсталација и ПП апарати, промена на филтри, дизни на парни котли, реконструкција на спортската сала. Навремено се отклонуваат ситните дефекти на застарен или оштетен инвентар и се заменуваат со нови доколку има потреба за тоа. Исто така, во просториите на училиштето и спортската сала се спроведуваат редовни и вонредни мерки за дезинфекција, дезинсекција и дератизација за нивна заштита. За заштита од болести на учениците им се укажува преку разни соопштенија од страна на МОН, предавања од здравствени работници како и од стручната служба.
На учениците со здравствени проблеми и поголем број на оправдани изостаноци, училиштето им организира класен испит и испит на годината и полагање на вонредни испити. Училиштето преку класните раководители и предметни наставници ги информира учениците за помошта од стручната служба, која се грижи за учениците со емоционални и друг вид потешкотии, а родителите се информираат преку разговор со наставниците, родителски средби, директорот и стручните служби. 50% од 100 анкетирани ученици одговориле дека се навремено информирани за идната професионална ориентација по завршувањето на средното образование. Во училиштето се води посебна грижа од страна на стручната служба за учениците со емоционални потешкотии. Училиштето во согласност со условите им помага на учениците за избор на нивно понатамошно образование, обука и вработување, нема Кариерен центар но има кариерен советник. Учениците се чувствуваат безбедно во училиштето и сматаат дека се води доволна грижа за нивната заштита и безбедност и најмногу соработуваат со класните раководители. Училиштето се грижи за безбедноста и исправноста на системите, просториите и инвентарот со ангажирање на хаус-мајстор кој спрема условите ги отстранува дефектите и врши поправка на инвентарот.

Се организира дежурство од страна на предметните наставници и чуварска служба. Во внатрешните простории-ходниците и училишниот двор има поставено мониторинг систем кој е во фаза на ставање во функција. Додека пак мониторинг системот е целосно функционален кај земјоделската механизација. Исто така има присуство и на службеници на МВР кои се грижат за безбедноста, редот и мирот во училиштето.

Од анкетата спроведена со 40 родители од различна полова и етничка припадност, 100% одговориле дека се доволно информирани за успехот, редовноста и поведението на нивните деца. 72% се задоволни од односот на стручните служби за безбедноста, грижата од страна на училиштето за социјалниот, емоционалниот и физичкиот развој на децата.
Од добиените резултати од 31 наставници, 81% сметат дека постојат форми и активности за заштита и грижа кон учениците и 74% од нив сметаат дека тие се доволно ефективни. Исто така, од истата анкета за наставници 58% од нив одговориле дека нема осипување на ученици во текот на наставната година. Континуирано се води евиденција за успехот, редовноста и поведението на учениците и кога ќе се забележи нередовност, намален успех или недолично однесување, веднаш се известуваат родителите и за тоа се решава на наставнички совет, со директор и стручната служба. Евиденцијата секогаш им е достапна на сите наставници, родители и ученици. Исто така, родителите сметаат дека во училиштето се води навремена евиденција на успехот, редовноста и поведението и дека оваа евиденција е предмет на анализа за подобрување на наставата и работата на соодветните служби.
Медицинската служба-ЈЗУ Ресен, секогаш е отворена и достапна за соработка и решавање на проблемите на учениците доколку бидат повикани во училиштето или доколку учениците бидат однесени во установата а со истата служба училиштето има добра соработка и при организирање на други активности.
Стручната служба работи на откривање и помагање на ученици со здравствени проблеми или со посебни потреби и им дава разни совети, помош и инструкции, а во соработка со други релевантни институции им се дава и обезбедува образовен асистент. Посебно работи со ученици кои неоправдано отсуствуваат од настава и сметаат дека тоа е голем проблем во училиштето.

**Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**

1. **Континуирано подобрување и обнова на електро-водните и топлински системи во училиштето;**
2. **Набавка на нови нагледни средства, инвентар и ИКТ опрема за подобро одвивање на наставниот процес;**
3. **Реконструкција и обнова на фасадата, подовите во училниците, дел од кровот на зградата, таваните и ѕидовите;**
4. **Оформување на Кариерен развоен центар;**
5. **Давање на секаков вид на поддршка од страна на училиштето за што помал број осипување на ученици во текот на наставната година;**
6. **Оспособување на просторија за итна медицинска и здравствена помош на ученици со минимални и основни средства и инвентар;**
7. **Подобрување на хигиенските услови и континуирано одржување на санитарните јазли-чворови, спроведување на вонредни мерки за дезинфекција, дезинсекција и дератизација за заштита на училишните и другите простории, како и спортската сала.**

***Во евалуацијата на ова подрачје треба да одговорите на што е можно поголем број од главните прашања.***

***Можете да додадете и одговори на други прашања кои сметате дека се важни за вашето училиште а не се опфатени во рамката за самоевалуација.***

***Треба да направите обид да ги вклучите колку што е можно сите клучни фактори во вашето училиште и во локалната заедница и каде потребно да внимавате на родовите односи кои може да влијаат на квалитетот на учење и настава во вашето училиште.***

***Не се потпирајте само на пишани документи. Обезбедете да податоците собрани во оваа област исто така вклучуваат колку што е можно и пишани коментари, набљудувања и визуелни докази.***

**Оддели во рамките на подрачјето:**

## 5.1 Училишна клима и односи во училиштето

## 5.2 Промовирање на постигањата

## 5.3 Еднаквост и правичност

## 5.4 Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница

| **Собирање на податоци** **(Кои податоци се собрани: Кои методи се користени).**<br>**(I) Обработка на документи** | |
|---|---|
| **Наведете ги сите документи кои се прегледани.** | **Кои информации се собрани?** |
| **Е-дневник на паралелка**<br><br>**Записник од стручната служба**<br><br>**Записници од водени разговори со психологот во училиштето**<br><br>**Записници од класен раководител**<br><br>**Записник од наставнички совет**<br><br>**Кодекс за однесување на наставниците/учениците**<br><br>**Известување по конечен извештај од извршена интегрална евалуација на СОУ “Цар Самоил”-Ресен** | Во училиштето секогаш и од страна на сите инволвирани во наставниот процес се внимава на угледот-имиџот на училиштето, и од нивна страна секогаш се стреми за подобрување на истиот во рамките на самото училиште и надвор од него, во нашата општина и надвор од општината па дури и надвор од границите на државата. Во училиштето постои документ-кодекс на однесување кој важи за сите вработени во училиштето, а и посебен кодекс за однесување на учениците, со кои тие се запознаваат на почетокот на учебната година и секогаш сите треба да се придржуваат кон истиот. На ден 28.02.2025 на седница на училишен одбор со акт број 01-127 извршено е усогласување на Куќниот ред на училиштето и Кодексите на однесување со постоечките закони и подзаконски акти (извршена интегралната евалуација на училиштето од 11-13.11.2024). Исто така, донесен е интерен акт со број 01-127/2 во рамките на етичкиот кодекс за однесување на наставници каде се пропишуваат стандардите, инструментите и индикаторите за следење на постигнувањата на учениците (од истата интегрална евалуација). Со придржување кон овој кодекс од страна на сите инволвирани во наставата и надвор од неа, секогаш се влијае на подобрување на етосот, т.е. училишната клима се со цел да се подобрат условите за работа и настава во училиштето. Во училиштето редовно се следи поведението и дисциплината на учениците. На секој ученик после секој 20-ти неоправдан изостанок му следува опомена пред исклучување од образовниот циклус, а над 25-тиот неоправдан изостанок ученикот се исклучува од настава. Други проблеми кои се јауваат со нередовноста е губење на настава, односно, несовладување на наставните содржини кој после се одразува на нивниот успех. Нередовноста и недисциплината подеднакво негативно влијаат врз машките и женските ученици и од различно етничко потекло. Училиштето со разни форми и активности, соодветно, според правилникот и начинот на изрекување педагошки мерки во јавните средни училишта, директно влијае врз таквите ученици се со цел тие позитивно да влијаат врз натамошното воспитание и образование на учениците. Учениците редовно се советуваат од страна на класните раководители и од страна на стручната служба и редовно партиципираат во решавање на проблемите и донесувањето на одлуки во училиштето. |
| **Статут на училиштето**<br><br>**Годишна програма на училиштето**<br><br>**Е-дневник на паралелка**<br><br>**Барања за соработка од страна на надворешни субјекти**<br><br>**Годишен извештај на училиштето** | Нашето средно општинско училиште секогаш е отворено за комуникација и соработка со надворешни лица, невладини организации, фирми, деловни субјекти и други кои сакаат и имаат потреба од соработка со училиштето. Најчесто училиштето соработува преку родителските средби и индивидуални состаноци со родителите и совет на родители. Соработува и со институции кои се поврзани директно или индиректно со емоционалниот и општествениот живот во училиштето како Здравствен Дом-Ресен, Полициска Станица, Центар за Социјални Работи, Територијална противпожарна единица-Ресен каде од извештајот по извршената интегрална евалуација поднесено е барање од страна на училиштето со број 03-88/1 од 04.02.2025 за изведување на показна вежба-симулација за заштита и постапување во случај на природна непогода и пожар којашто е реализирана на ден 07.05.2025 (на денот на пожарникарите) во училиштето и др. преку индивидуални средби или предавања. |

| | |
|---|---|
| **Известување по конечен извештај од извршена интегрална евалуација на СОУ "Цар Самоил"-Ресен** | Училиштето соработува со служби од локалната заедница, а посебна соработка се забележува со локалните претпријатија од општината преку паралелките од стручното образование од училиштето по воведувањето на дуалното образование од учебната 2021/22 година. |
| **Статут на училиштето**<br><br>**Годишна програма на училиштето**<br><br>**Е-дневник на паралелка**<br><br>**Извештај од секции**<br><br>**Пофалници и признанија**<br><br>**ФБ страна на училиштето** | Со цел да што подобро се промовираат личните постигања на учениците, без разлика на пол, етникум и социјален статус, вклучувајќи ги и оние со послаби постигања, училиштето преку разни форми ги промовира постигањата на учениците преку разни активности од страна на сите стручни активи низ текот на целата учебна година. Посебно внимание заслужуваат активностите што ги прави стручното образование на часовите по пракса и активностите на обработка и одгледување на овошните насади а особено со воведување на дуалното образование. За најдобрите ученици училиштето обезбедува награди и пофалници кои се доделуваат на крајот на учебната година. Освоените награди, пофалници, пехари и слично се изложуваат на видно место во холот на училиштето, а информациите се испраќаат и до локалните медиуми и другите средства за информирање. Во училиштето секогаш важи принципот на еднаквост и правичност без разлика на пол, возраст и етничка припадност, се почитуваат законите во кои се опфатени правата на децата. Се избира и наградува најдобар ученик на генерација на крајот на секоја школска година на манифестацијата "Најдобар од најдобрите" во соработка со локалната самоуправа. |
| **Статут на училиштето**<br><br>**Записник од наставнички совет и родителски средби**<br><br>**Е-дневник на паралелка**<br><br>**Записник од совет на родители**<br><br>**Записник од училишен одбор**<br><br>**Записници од стручна служба** | Училиштето како јавно со еднаков третман за сите ученици, секогаш организира подеднаков наставен процес за сите ученици, има и спроведува еднаков и правичен однос кон сите ученици без никаква разлика врз полова и етничка структура и социјален статус. Се почитува нивната индивидуалност, нивната потреба и квалитет, се со цел да се создаде што подобра, позитивна училишна клима. Наставниот кадар, заедно со стручните служби и управниот орган, секогаш се стреми кон создавање на што подобра училишна клима, секогаш праведна кон сите ученици, навремено ги отстранува и ги решава сите проблеми кои се јавуваат помеѓу учениците од различен пол, етникум, социјален статус и ученици со различна психо-физичка способност, се со цел да се зголеми взаемното почитување меѓу учениците и обезбедување на здрава училишна клима. Училиштето уште при самиот упис настојува доколку е можно подеднакво во еден клас да бидат застапени ученици од двата пола, социјален статус и успех. Водејќи се од критериумите за упис на учениците пропишани од Министерот за Образование се формираа паралелки и од учебната 2007/2008 на учениците од турска и албанска националност им се овозможи образование на мајчин јазик во посебни паралелки со наставници од нивниот мајчин јазик по неколку наставни предмети. Исто така од учебната 2020/21 година во училиштето се формираше и паралелка на турски наставен јазик во земјоделско ветеринарната струка. Во наредната 2021/22 се формираше паралелка на албански наставен јазик исто од земјоделско ветеринарната струка. |

| | |
|---|---|
| | Училиштето, секогаш подеднакво за сите ученици организира разни советодавни разговори за нивните проблеми и односите во училиштето, преку класни часови, консултации со родителите, информативни разговори и друго.<br><br>Училиштето го следи односот и третманот на наставниците кон учениците поодделно преку работата на наставниците на наставните часови, работата на класниот раководител, наставничкиот совет, советот на паралелка, стручната служба, соработката со родители и училишната заедница. Родителите редовно се вклучени во наставниот процес и навремено се известени за сите постигнувања на децата во наставните и вон наставните активности. Од секој клас, од редот на родителите се избираат по три членови, кои учествуваат во работата на Советот на родители на училиштето. Советот на родители е секогаш и навремено известен, за сите активности во училиштето. Исто така родителите имаат свој претставник во училишниот одбор, и преку него се директно вклучени во управувањето со училиштето. Родителите најчесто добиваат информации за успехот, поведението и редовноста на учениците, и преку соодветни служби добиваат напатствија како да им помогнат на своите деца во своето образование и воспитание. |
| **Статут на училиштето**<br><br>**Годишна програма и план на училиштето**<br><br>**Извештај од феријална и професионална пракса**<br><br>**Дневници за Учење кај работодавач**<br><br>**Договори со локални организации** | Училиштето редовно соработува со сите заинтересирани учесници во образованието од локалната заедница, но нашето училиште најчесто и најуспешно соработува со локални фирми и претпријатија, посебно со дуалното образование каде група на наставници водат дневници за активностите по предметот Учење кај работодавач. Училиштето соработува и со други приватни земјоделски аптеки, секогаш учествува во општинската манифестација- Јаболкобер, акцијата за борба против Сида, соработка со Црвен крст, спортски клубови, успешна е и соработката со Домот на културата “Драги Тозија“, преку организирање разни изложби и рецитали, играорна група, која што го претставува нашето школо и општината надвор од границите на нашата држава, во европски и светски размери. Влијанието на локалните власти врз училиштето е во насока на подобрување на квалитетот на образовниот процес, посебно со законот за децентрализација на образованието, подобрување на условите за работа, се разбира според условите што ги има. Училиштето соработката ја проширува и на невладиниот сектор со кој постојано е во контакт за размена на информации и помош со ученици за истражувачки проекти, анкети, акции и др. Посебно значајна е соработката со локалната самоуправа преку учество и соработка за реализација на еколошки акции, “Преспански Јаболкобер” и др. Исто така, училиштето преку реализација на феријална пракса соработува со другите локални и стопански организации преку земјоделското производство, прехранбените продукти и други земјоделски процеси, се со цел за подобро практично оспособување на учениците. Учениците својата пракса, обука и работа преку дуалното образование ја реализираат во локални претпријатија со кои имаме склучено договори, каде што се вклучени во процес на обука за да на крајот самите бидат вклучени во потребите на работата. Училиштето во зависност од условите, соработува со други стручни училишта преку размена на информации, стручни предавања, натпревари по земјоделска механизација и други активности (спорт, музика, култура и друго). |

| Собирање на податоци (II) кои други методи се користени за собирање на податоци? (пр. прашалници, анкети, набљудувања...) | | |
|---|---|---|
| **Наведете ги другите методи кои се користени за собирање на податоци** | **Учество: Кој беше вклучен во собирање на овие информации** | **Кои информации се собрани?** |
| **Анкета за ученици**<br><br>**Разговор со ученици** | **Членови на работниот тим** | Од вкупно анкетирани 100 ученици, 86% одговориле дека во училиштето односот меѓу наставниците и учениците се базира на взаемно почитување, добар меѓусебен однос и е на завидно ниво.<br>Од исто толку анкетирани ученици 79% сметаат дека постои почитување меѓу учениците од различна етничка и полова припадност и дека има задоволителна училишна клима.<br>Од исто толку анкетирани ученици, 72% се задоволни од односот на наставниците кон нив при процесот на настава.<br>Од анкетата со учениците, а и од разговорот со нив најмногу во училиштето им се допаѓа меѓусебното дружење-етосот, позитивната атмосфера меѓу нив и почитување на институцијата професор од нивна страна; учениците имаат потреба од подолготраен голем одмор и подобрување на хигиената. |
| **Анкета за родители**<br><br>**Интервју со родители**<br><br>**Разговор со родители** | **Членови на работниот тим** | Од анкетирани 40 родители 93% од нив се изјасниле дека наставниците ги почитуваат индивидуалните потешкотии и потреби на учениците.<br>68% од родителите најчесто комуницираат и соработуваат со класните раководители во училиштето и истите се задоволни од нивната соработка и комуникација. Во разговорите со родителите, најголем дел од нив сметаат дека потребно е да се подобри хигиената.<br>Родителите кои одговориле на прашањето што најмногу ви се допаѓа во училиштето се задоволни од дружењето, безбедноста и класниот раководител. А поголем број од родителите не одговориле на ова прашање. |
| **Анкета за наставници** | **Членови на работниот тим** | Од вкупно анкетирани 31 наставници, 90% сметаат дека односот меѓу наставниците се базира на взаемно почитување и добар меѓусебен однос.<br>Од исто толку анкетирани наставници, 87% сметаат дека односот на учениците кон наставниците е подеднаков и правичен. |

| **Резултати: Овде треба накратко да ги образложите вашите клучни јаки страни и слабости** |
|---|
| **Клучни јаки страни**<br><br>➢ **Односот меѓу наставниците и учениците се базира врз взаемно почитување.**<br>➢ **Изработени кодекси на однесување на наставниците и учениците.**<br>➢ **Изработен Куќен ред на училиштето и усогласен со Кодексите на однесување.**<br>➢ **Постои добра училишна клима и однос меѓу учениците од различно етничко потекло, пол и социјален статус.**<br>➢ **Промовирање на постигањата на учениците од разни области и избор на ученик на генерација.**<br>➢ **Прифаќање и промовирање на мултикултурализмот.**<br>➢ **Редовно од страна на наставниците, стручната служба и правниот орган се следи односот на учениците во самото училиште се со цел да се задржи добрата училишна клима и да се подобри истата.**<br>➢ **Училиштето навремено и редовно ги известува родителите за успехот, поведението и дисциплината и добро соработува со нив преку класните раководители, родителските средби и советот на родители.**<br>➢ **Во училиштето перманенто и одговорно се работи на воспоставување на редот и дисциплината.**<br>➢ **Постои добар однос помеѓу раководниот орган и наставниците.**<br>➢ **Соработка на училиштето со други организации од локалната заедница спрема условите.**<br>➢ **Отвореност на училиштето за соработка со стопански органи, фабрики, културни центри, друштва, невладини организации, приватен сектор и соработка со субјекти за паралелките од стручното образование-дуално.**<br>➢ **Учество на училиштето преку стручното образование во пазарот на работна сила преку организирање на пракса- феријална и професионална.** |
| **Слабости**<br><br>➢ **Немање на доволно современо опремени кабинети, кабинет за практична настава, училници и наставни средства за поквалитетна настава и воедно подобра училишна клима.**<br>➢ **Повремена појава на нередовност и недисциплина кај некои ученици со што се зголемува неоправданото отсуство.**<br>➢ **Ненавремена и недоволна соработка на некои родители со предметните наставници и стручните служби.** |

**Анализа на резултатите:**

***Овде дадете подетална евалуација на ова подрачје***

Воглавно, во голем процент односите на релација наставник-наставник, наставник-ученик, раководен орган-наставник/ученик, се на завидно ниво и постои голем степен на почитување со мали отстапувања на некои наставници и ученици. Исто така, односите меѓу учениците и наставниците со учениците, од различен етникум, пол и социјален статус се на завидно ниво. Од анкетата со учениците, а и од разговорот со нив, најмногу во училиштето им се допаѓа меѓусебното дружење-етосот, позитивната атмосфера меѓу нив и почитување на институцијата професор од нивна страна. Училиштето секогаш се грижи и работи за подобрување на угледот и имиџот во општината, надвор од неа и надвор од државата. Во училиштето постојат Кодекси на однесување кои се усогласени со Куќниот ред на училиштето којшто сите се стремат да го почитуваат. Училиштето за подобра училишна клима и подобрување на условите за работа секогаш е достапна и отворена за соработка со повеќе институции и организации од општината. Раководниот орган добро соработува со наставниот кадар, се со цел да се подобри општата училишна клима. Од анкетирани 40 родители 93% од нив се изјасниле дека наставниците ги почитуваат индивидуалните потешкотии и потреби на учениците. Родителите најчесто комуницираат и соработуваат со класните раководители и истите се задоволни од нивната соработка и комуникација. Во разговорите со родителите, најголем дел од нив сметаат дека потребно е да се подобри хигиената. Родителите кои одговориле на прашањето што најмногу ви се допаѓа во училиштето се задоволни од дружењето, безбедноста и класниот раководител. А поголем број од родителите не одговориле на ова прашање.
Од вкупно анкетирани 31 наставници, 90% сметаат дека односот меѓу наставниците се базира на взаемно почитување и добар меѓусебен однос. Од исто толку анкетирани наставници, 87% сметаат дека односот на учениците кон наставниците е подеднаков и правичен. Стручната служба навремено и редовно го спроведува правилникот и начинот на изрекување на педагошки мерки со цел да се подобри дисциплината и поведението на учениците. Условите (информатичко-техничките) во кои се одвива наставниот процес во смисла на училници, кабинети, не се на високо ниво, исто така и наставните средства и помагала во целост не ги задоволуваат потребите за целосна реализација на современи наставни содржини по сите предмети.
Редовно се промовираат личните постигнувања на учениците и редовно се избира ученик на генерација. Училиштето секогаш се стреми кон застапување еднаквост и правичност кон сите ученици и прифаќање и промовирање на мултикултурализмот.
Училиштето е отворено за соработка и комуникација со сите, а посебно со родителите на децата, кои преку родителски средби, разговори со класните раководители, совет на родители и училишен одбор, ги вклучува родителите во образованието и секогаш се присутни во животот и училишната клима на училиштето. Од направената анкета дознаваме дека родителите најчесто комуницираат и соработуваат со класните раководители и истите се задоволни од нивната соработка и комуникација.
Училиштето секогаш дава точни и навремени информации на родителите за успехот, редовноста и поведението на учениците, со цел редовно и точно да се информираат за процесот на учење.
Училиштето соработува со разни организации од локалната заедница: фабрики, културни и јавни центри, спортски друштва, но најизразито соработува со локалните претпријатија и организации. Една таква соработка е и со Територијалната противпожарна единица-Ресен со кои се изведе показна вежба-симулација за заштита и постапување во случај на природна непогода и пожар реализирана на ден 07.05.2025 (на Денот на пожарникарите).

| |
|---|
| Со помош на приватни организации и фирми се изведува дел од наставата во дуалното образование, се со цел за подобро практично оспособување на учениците и подобра адаптација на обуката кон потребите на работата и учество на пазарот на работна сила.<br><br>Но, потребно е осовременување на условите во смисла на обновување, набавка на нова земјоделската механизација, работни алати, и други земјоделски средства кои се користат во самата работа.<br>Соработката со другите стручни училишта е во зависност од условите и се остварува преку непосредна соработка, комуникација, интернет и др. но училиштето секогаш треба да настојува да пронаоѓа можности и услови за дополнителна, поразновидна, подлабока интерактивност, соработка и комуникација на учениците, наставниот кадар, стручните служби и Активи со други средни и стручни училишта во и надвор од државата.<br>Училиштето има добра соработка со Бирото за развој на образованието и МОН. |
| **Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето**<br>**1. Подобрување и осовременување на условите за одвивање на образовниот циклус (училници, кабинети, кабинет за практична настава, наставни средства и помагала и ИКТ технологија), а посебно на земјоделската механизација и алати кои се користат за соработка со локалните претпријатија, фирми, фабрики и приватен сектор, со цел подобрување на реализацијата на теоретско-практичната настава од стручното-дуално образование;**<br>**2. Пронаоѓање на можности и услови за дополнителна, поразновидна, подлабока интерактивност, соработка и комуникација на учениците, наставниот кадар, стручните служби и активи со други средни и стручни училишта во и надвор од државата преку различни проекти и активности;**<br>**3. Континуитет во подобрување на угледот и имиџот на училиштето како и почитување на Кодексите и Куќниот ред;**<br>**4. Подобрување, промовирањето и прифаќањето на мултикултурализмот;**<br>**5. Зачувување на редот и дисциплината во училиштето;**<br>**6. Едукација и обука на наставниот кадар на теми кои се однесуваат на подобрување на училишната клима и односот во училиштето, потребите и меѓусебните односи помеѓу учениците, наставниците и нивната комуникација;**<br>**7. Поголема и поодговорна инволвираност на родителите во образовниот процес;**<br>**8. Континуирано одржување и подобрување на хигиената, исто така и на водоводниот и електричниот систем на училиштето.** |

***Во евалуацијата на ова подрачје треба да одговорите на што е можно поголем број од главните прашања.***

***Можете да додадете и одговори на други прашања кои сметате дека се важни за вашето училиште а не се опфатени во рамката за самоевалуација.***

***Треба да направите обид да ги вклучите колку што е можно сите клучни фактори во вашето училиште и во локалната заедница и каде потребно да внимавате на родовите односи кои може да влијаат на квалитетот на учење и настава во вашето училиште.***

***Не се потпирајте само на пишани документи. Обезбедете да податоците собрани во оваа област исто така вклучуваат колку што е можно и пишани коментари, набљудувања и визуелни докази.***

**Оддели во рамките на подрачјето:**

## 6.1 Сместување и просторни капацитети

## 6.2 Наставни средства и материјали

## 6.3 Обезбедување на потребниот наставен кадар

## 6.4 Следење на развојните потреби на наставниот кадар

## 6.5 Финансиско работење во училиштето

| **Собирање на податоци** (Кои податоци се собрани: Кои методи се користени).<br>(I) Обработка на документи | |
|---|---|
| **Наведете ги сите документи кои се прегледани.** | **Кои информации се собрани?** |
| **Статут на училиштето**<br><br>**Пописна листа**<br><br>**Проектна документација**<br><br>**Годишни извештаи за работа на училиштето** | Наставата во училиштето се изведува во една смена, комбинирано во 26 кабинети и 5 училници.<br>Има простории за престој на наставниците -3, санитарни простории – 6 и истите се реновирани и во задоволителна состојба, просторија (канцеларија) за директор, 3 простории за стручна служба составена од стручен соработник-психолог, стручен соработник библиотекар. Техничката служба се состои од:<br>1 (еден) домакин- економ, 1 (еден) мајстор за одржување, 1(еден) општ работник, 5(пет) хигиеничари 2(два) чувари. Административен кадар: 1 (еден) раководител –Директор, 1 (еден) секретар, 1 (еден) технички секретар кој врши благајнички работи и 1 просторија за двајца чувари. Просториите од поранешната спортската сала внатре во училиштето пренаменети во училница, галерија, дел за библиотечен фонд на книги и опремена просторија со визуелно-технички помагала-Plus accelerator.<br>Во училишниот двор има гаражи за чување на земјоделската механизација и алати. Во училишниот двор има три игралишта за спортски игри и други спортски активности и спортска сала. Капацитетите се користат оптимално и се достапни за сите во училиштето. |
| **Статут на училиштето**<br><br>**Фактури**<br><br>**Записник од комисија за набавки**<br><br>**Пописна листа**<br><br>**Годишни извештаи за работа на училиштето** | Училиштето поседува стручна литература, но таа нецелосно ги задоволува потребите на наставниците и другиот стручен кадар и училиштето печати копии од учебниците по предметите од кои нема доволно учебници. Исто така има одреден квантум на наставни помагала, се набавија и некои нови во претходните години, но, сеуште потребите не се задоволени бидејќи се во недоволен број. Во училиштето постои училишна библиотека која не ги задоволува потребите на учениците поради старите изданија на книгите иако се набавени и нови изданија, и постојано се заменуваат со нови преку разни финансиски извори, најчесто преку донации и од сопствени средства на училиштето. Се набавува и потрошен материјал за потребите на училиштето со тенденција за негово постојано зголемување.<br>Потребите за наставни средства и материјали училиштето ги утврдува преку консултации со предметните наставници, стручни активи и директор на училиштето на почетокот и во текот на учебната година. Ефективноста и ефикасната употреба на наставните средства и материјали училиштето ја следи преку разговори и консултации со предметните наставници, посета на час, реализирање вонннаставни активности и разни проектни активности. Опремата и наставната техничка опременост на училиштето е подобрена со набавка на Смарт телевизори и ЛЦД-проектори и друга ИКТ опрема во најголем број кабинети, со што училниците ја задоволуваат основната технички опременост за современа настава. |
| **Е-дневник на паралелка**<br><br>**Статут на училиштето**<br><br>**Архива**<br><br>**Годишни извештаи за работа на училиштето** | Наставниот кадар и персонал во училиштето редовно е присутен на работа според прописите за работно време и наставен процес. Се води евиденција за присуство и отсуство на вработените во посебна тетратка како и нивната дисциплина и ефективно извршување на работните задачи. Отсуствата на наставниците се надополнуваат со одржување на дополнителни часови во дополнителен термин за изгубениот час.<br>Наставата во училиштето ја реализираат 46 наставници од кои 8 наставници се вработени на неопределено со неполно работно време, а од нив 2 работат и во други училишта. |

| | |
|---|---|
| | 3 наставници се вработени во друго училиште на неопределено со неполно работно време, а кај нас имаат засновано работен однос на определено со неполно работно време. Тие се со различно работно искуство – помлади и постари професори. Наставниот кадар е различен по пол и етничка припадност. За некои наставни предмети по јазиците на националностите има ангажирано и наставници од националностите. Тие се со различно работно искуство – помлади и постари професори. Наставниот кадар е различен по пол и етничка припадност. Во училиштето има стручна служба-психолог кој е секогаш достапен и е во поддршка на наставниот кадар, учениците и вработените и други организации со коишто соработува училиштето. |
| **Записници од посета на час**<br>**Е-дневник на паралелка**<br>**Покани за семинари и симпозиуми**<br>**Дописи од БРО**<br><br>**Одлука, решение за назначување на ментор на наставник – приправник**<br><br>**Сертификати и уверенија од учество на семинари, проекти и обуки**<br><br>**Годишни извештаи за работа на училиштето** | Во училиштето има постапки кои се користат за оценување на работата на наставниците и идентификување на нивните потреби за професионален развој, а тоа се следниве: посета на час од страна на директор, стручна служба, просветен инспектор, интегрална евалуација (којашто во учебната 2024-2025 се одржа од 11-13 ноември 2024). Проценка и вреднување на годишни, тематски и дневни планирања, стручни инструкции, советодавни разговори, разговор со стручни активи. Додека пак за подобрување на нивниот професионален развој, училиштето според условите на предметниот наставник и други стручни служби им овозможува учество на семинари организирани од МОН и БРО, разни едукации, симпозиуми, работилници и др. Во контекст на поддршката на наставен кадар и негово професионално усовршување, наставниот кадар, раководниот орган и стручните служби учествуваат на разни обуки и проекти во учебните 2023/24 и 2024/25:<br>Проект за изведба на демонстративен овошен насад со поддршка на УНДП, ЕКО – училиште, Проект за Мултиетничка интеграција во образованието; Проект за Енергетска ефикасност– со поддршка на УНДП, Аплицирање и активности за ангажман на наставници и ученици за неколку<br>проекти на ЕРАЗМУС +, Проект „Преда“ и ГИЗ - инсталирање на Акцелератор во просторија во училиштето и отстапување на користење за наши потреби, ИПА 2 проектот со наслов Зголемување на атрактивноста, инклузивноста и релевантноста на средните стручни училишта и образованието на возрасните (Increasing attractiveness, inclusiveness and relevance of vet and adult, Програмата „Bridging Backgrounds“ и проект со наслов „Together is Better“ -фокусирани на човекови права и меѓуетничко разбирање во партнерство со Амбасадата на САД во Скопје, Зелена агенда: заштита на животната средина, климатски промени и циркуларна економија подготвени од конзорциумот на партнери People in Neet, Здружението ЛЕАД, Здружението АРНО и Здружението Ековита за EuropeAid, Проект младинско учество за силен и одржлив развој на заедницата - EU<br>with you, Проект за Кариерен развој на учениците. Проект за изведба на демонстративен овошен насад со поддршка на УНДП, ЕКО – училиште, Проект за Мултиетничка интеграција во образованието; Проект за Енергетска ефикасност– со поддршка на УНДП, Аплицирање и активности за ангажман на наставници и ученици за неколку проекти на ЕРАЗМУС +, Проект „Преда“ и ГИЗ - инсталирање на Акцелератор во просторија во училиштето и отстапување на користење за наши потреби. ГОПА – проект „Подобрување на квалитетот на образованието“ - девет онлајн работилници со групи наставници за различни области, Проект за унапредување на менталното здравје и добросостојбата на адолесцентите, Проект за Кариерен развој на учениците, ЕРАЗМУС + Проект „Глобални семиња за раст- Креирање на идни земјоделски лидери“ - обуки во Паралија, Грција.<br>Професор – ментор ја следи работата на наставниците-приправници кој воедно му помага, дава советодавна помош, теоретска и практична за да што подобро ја спроведе и реализира наставата. Исто така ја следи реализацијата на самата настава, се консултира, помага и го спрема за полагање на стручен испит. |

| | |
|---|---|
| **Годишен бизнис план**<br><br>**Завршни сметки**<br><br>**Извод од извршени трансакции**<br><br>**Уплатници за вонреден испит**<br><br>**Записник од училишен одбор** | Постапките за финансиското работење во училиштето да биде добро спроведено и контролирано се следниве: подготвување на финансиски план по одделни жиро – сметки кои се одобруваат од страна на училишниот одбор и според истиот се врши исплата по соодветни намени како што се бара според законот за буџет. Финансирањето на училиштето по однос на плати, материјални трошоци, исплата за пензионирање се врши од блок дотација од МОН и преку самофинансирање односно остварување приходи од основната воспитно-образовна дејност и споредна дејност во функција на остварување на целите и задачите на основната дејност. Одговорен за законитостите во работата и за материјално – финансиското работење на училиштето е директорот. Годишниот финансиски план и завршна сметка на предлог на училишниот одбор ги усвојува советот на Општината. Контрола на буџетната сметка врши управата за јавни приходи и државната ревизија. За училишниот буџет и за трошоците информира училишниот одбор и преку него се достапни и за родителите, а се доставуваат како финансиски извештај до локалната самоуправа. |

| Собирање на податоци (II) кои други методи се користени за собирање на податоци? (пр. прашалници, анкети, набљудувања...) | | |
|---|---|---|
| **Наведете ги другите методи кои се користени за собирање на податоци** | **Учество: Кој беше вклучен во собирање на овие информации** | **Кои информации се собрани?** |
| **Анкета за ученици**<br><br>**Метод на разговор** | **Членови на работна група** | Од вкупно анкетирани 100 ученици, 63% од нив одговориле дека со подобрување на условите во училиштето за реализирање на настава би се зголемил нивниот интерес за учење, а воедно и квалитетот на учење.<br>Од исто толку анкетирани ученици, 57% сметаат дека наставниците редовно користат современи наставни средства и помагала.<br>Од разговорот со учениците заклучивме дека немаат многу можности за користење на стручна литература и доволно материјали во училишната библиотека. Исто така сметаат дека треба да се подобрат условите во кабинетите, електричната и водоводната инсталација и спортската сала. |
| **Анкета за наставниците** | **Членови на работна група** | Од вкупно анкетирани 31 наставници, 87% одговориле дека училиштето има адекватни училници, кабинети за изведување на модерна и современа настава, исто така наставниците сметаат дека училиштето има адекватни заеднички и санитарни простории.<br>Од исто толку анкетирани наставници, 74% сметаат дека училиштето ги задоволува потребите на наставниците од стручна литература и наставни помагала.<br>Додека пак 87% од наставниците сметаат дека потрошниот материјал ги задоволува потребите за реализирање на наставата.<br>84% од наставниците сметаат дека имаат доволно можности за професионален развој што ги нуди училиштето. |
| **Анкета за родители**<br><br>**Разговор со родители** | **Членови на работниот тим** | Од вкупно анкетирани 40 родители, 83% од нив се задоволни од условите што ги нуди училиштето за реализација на наставниот процес.<br>Од исто толку анкетирани родители, 80% од нив сметаат дека потрошниот материјал ги задоволува потребите за реализирање на наставниот процес.<br>75% од родителите сметаат дека училишната библиотека е доволно снабдена со литература и ги задоволува потребите на учениците<br>55% од родителите сметаат дека училиштето е доволно снабдено со нагледни средства и помагала за непречено одвивање на наставниот процес.<br>Од разговорот спроведен со родителите на родителски средби, за тоа што треба да се подобри во училиштето, одговориле дека инвентарот и просторот во кабинетите треба да се подобрат, кабинетите треба да се снабдат повеќе со современи наставни средства и помагала, хигиената и да се зголеми фондот на литература во библиотеката. |

| | | |
|---|---|---|
| **Интервју со стручен актив по спорт и спортски активности** | **Георгиевски Јорданчо** | Од интервјуто заклучивме дека спортската сала и во неа нагледните средства, реквизити и помагала не секогаш ги задоволува основните потребите за реализирање на наставната содржина по предметот Спорт и спортски активности и затоа е потребно нивна континуирана набавка според финансиските можности на училиштето. Исто така, за потребите на реализација на ИКТ наставните теми во кабинетот по спорт набавен е нов проектор и нов лап топ.<br>Некои од наставните помагала, реквизити и справи не ги задоволуваат потребите поради нивната нефункционалност и непрофесионалност. |
| **Интервју со секретар и Технички секретар кој врши благајнички работи** | **Стојаноска Благица**<br><br>**Ивановска Лидија** | Административно-финансиското работење во училиштето се реализира во рамките на дадените рокови со меѓусебна соработка, навремено се реализираат сите финансиско административни постапки во сите области на работа. Условите за работа ги задоволуваат потребите за административно работење. Снабденоста на канцелариски материјал е секогаш навремена според потребите и истите рационално и наменски се користат. Информатичко техничката опременост целосно ги задоволува потребите на службата за непречена работа но во иден период со можност за нејзино подобрување и осовременување. Исто така за подобрување на условите за работа потребно е да се обнови инвентарот-канцелирискиот мебел, како и учество на обуки, семинари и набавка на стручна литература. |
| **Интервју со психолог** | **Елизабета Волкановска** | Од интервјуто со психологот се констатира дека училиштето има потреба од дефектолог и педагог за подобро справување со воспитно образовните потреби на учениците, наставниот кадар и раководниот орган за истиот да биде подобар. Со вработувањето на овие кадри во училиштето би се подобрил воспитно образовниот процес посебно во нередовноста на учениците, проблеми во адаптација-посебно со учениците од прва година, совладување на наставните програми, справување со проблеми кај одредена категорија на ученици со чиишто родители немаме доволно соработка и истите не се достапни за средби. Од истото интервју дознаваме дека во следниот период треба да се подобри соработката со родителите вклучувајќи ги сите човечки ресурси од страна на училиштето. Треба да имаме достапност до одредени психо-тестови кои се потребни за регистрирање на психолошката состојба на учениците и нивен развој. Обуки со теми од советодавна работа, инклузија на ученици и родители како и обуки од ИКТ областа со тестови за учениците. |
| **Интервју со директор**<br><br>**Годишен извештај за работата на училиштето 2023/24**<br><br>**Годишен извештај за работата на училиштето 2024/25** | **Динче Кочевска** | Од интервјуто направено со директорот дознаваме дека во учебната 2023/24 година направено е следново: Поправка на земјоделската механизација и санирање на дефекти во овошниот Насад, Санација, стружење и лакирање на паркет во училници, Промена на дел од внатрешните флуоресцентни светилки со енергетски, ефикасни лед светлечки тела, Промена на старите казанчиња со 13 нови во вецињата за учениците, Набавка на опрема/машина за чистење на подовите во училиштето и спортската сала, Едно грејно тело, Десет лаптоп-компјутери за потребите на наставата и наставниците, Молерисување на површина од 6000 м2 во внатрешноста на училиштето- училници и ходници, Санирање на оштетени тавани во две вециња за учениците, Училишната библиотека е збогатена со стручна литература по методологија и Дидактика, еден Самсунг звучен столб со микрофон за потербите на училиштето, Една косачка за дворните површини - тример. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Во учебната 2024/25 година направено е следното: Поправка на земјоделската механизација и санирање на дефекти во овошниот насад, Санација, стружење и лакирање на паркет во канцеларии и помошни простории; Премачкување на училишни клупи за седење; Молерисување на дел од внатрешноста на училиштето- училници, канцеларии и ходници; Санација на оштетени ѕидови во соблекувалните и таваните во санитарните јазли во училишна спортска сала; Сервисирање на парните котли, промена на дизни и чистење на пламениците; Извршено испитување на громобранска инсталација, Извршено мерење на заштитно заземјување; Систематски прегледи на вработените; Санитарни прегледи на вработените; Извршена обука за безбедност и здравје при работа на дел од вработените; Извршена проценка на ризик на работни места; Набавена опрема за видео надзор, Набавени ножици за кроење на овошниот насад, Набавена е работна облека за вработените од техничката служба; Три грејни тела, Десет лаптоп-компјутери за потребите на наставата и наставниците, Пет смарт телевизори, Три печатачи со скенер и копир, Три платна за проектирање, Три проектори, Збогатен библиотечен фонд со нови книги, Монтажа на уреди за зајакнување на интернет мрежа во училишната зграда, Санација на санитарни јазли во училишната зграда и спортска сала, Набавка на панични светла и нивна монтажа во училишна зграда, Санација на осветлување пред училишна спортска сала и замена на светилки, Уредување на училишен двор со засадување на седумдесетина украсни борчиња, Санација на кровна конструкција на спортска сала, Санација и поставување на ќерамиди на училишна зграда.<br>Просториите за настава-училници и кабинети, треба да се реновираат и осовременат во поглед на спуштање на таваните и реновирање на подот. Треба да се доопремат за реализација на модерна настава со современа ИКТ технологија, која континуирано се набавува и усовршува. Наставните средства и помагала делумно ги задоволуваат потребите на наставата а континуирано се снабдуваме со нови. Исто така, потрошниот наставен материјал секогаш се набавува во количини кои ги задоволува потребите на наставата, но се користи рационално. Исто така, како приоритет во инфраструктурни работи е обнова и реновирање на фасадата на целото училиште, уредување на училишниот двор, како и негово оградување. Како друга проектно-идејна активност се планира уредување и средување на подрумските простории на училиштето за потребите на учениците од земјоделско-ветеринарната струка кои при реализирање на праксата ќе произведуваат сок од овошните производи и други цели и намени, како и целосна замена на прозорите во тој дел. Во разговор со директорот исто така планирано е подобрување на условите за работа на земјоделските насади, зголемување на земјоделските, житните и овошните култури, подобрување на системот за наводнување како и зголемување на капацитетот на системот за снабдување со електрична енергија преку соларни панели. Тековна набавка и обнова на земјоделски алатки. Практичната настава се реализира дел во насадот со партнер компании. А како дел од идните активности е планирано пресадување на исушени овошки со нови садници и зајакнување на системот на водоснабдување.<br>Наставниот кадар е стручен и квалификуван, но секогаш постои голема потреба за негово доусовршување, потреба од професионален развој, следење на семинари, симпозиуми, обуки, во зависност од условите на училиштето се со цел за подобрување на воспитно-образовниот процес.<br> |

| | | |
|---|---|---|
| | | Со финансиите добро, рационално и наменски се раководи, секогаш јавно и транспарентно се запознава училишниот одбор, локалната заедница, МФ и МОН, преку финансиски извештај за годишно работење и други документи. |
| **Разговор со хаус мајстор** | **Филип Ефтимовски** | Од разговорот дознаваме дека постојниот инвентар-столчиња, клупи и табли се во добра состојба и ги задоволуваат основните потреби за реализација на образовниот процес и дека истиот постојано се обновува во рамките на можностите. Системите (електричниот, грејниот и водоводниот,) функционираат добро, но во изминативе две години најчести проблеми се појавуваа во водоводниот систем. Системите трпат чести поправки, од неможност за нивно менување со нови. Кај грејниот систем се санирани вентили, а исто така интервенирано е и во електричниот систем каде што истиот е подобрен со поставување на надворешни рефлектори на спортската сала како и поставување на седум големи сијалици во предниот и задниот дел на училишниот двор. Направени се поправки на земјоделска механизација- сервис и тековно одржување на овошните насади. Во внатрешниот дел на училиштето и тоа во ходниците тековно се заменети со нови лед панели, неонки и лед сијалици. Во  училишната сала тековно интервенирано е во водоводниот и електричниот систем. Во училишната зграда тековно се отстрануваат сите дефекти на дограмата во склоп со можностите на училиштето. |
| **Разговор со стручен актив по земјоделски предмети** | **Васко Јовановски** | Од разговорот заклучивме дека наставата по стручно земјоделските предмети посебно практичната настава се реализира со земјоделски алатки кои треба континуирано да се одржуваат, надополнуваат и снабдуваат, а истото се прави според можноста од финансиски средства и услови за тоа. Земјоделските машини и приклучна опрема ги задоволуваат основните потреби но потребна е нивна поправка и набавка на нови, како и набавка на нови машини за помали земјоделски работи: косилки, моторни пили, мотокултиватор, грбни прскалици. Наставните планови се реализираат без проблеми но потребна е набавка на стручна литература и учебници. Има потреба од вработување на работник кој ќе се грижи за овошните насади а исто така има потреба и од опремен кабинет за практична настава. Раководењето на земјоделската економија е во ред. |

**Резултати: Овде треба накратко да ги образложите вашите клучни јаки страни и слабости**

**Клучни јаки страни**

- **Училишен просторен капацитет кој оптимално, рационално и наменски се користи во наставниот процес според условите од кои скоро сите кабинети се опремени со смарт телевизори, проектори и друга ИКТ опрема и подобар интернет пристап.**
- **Домаќински и одговорно се користат минималните современи наставни средства, помагала и потрошен материјал.**
- **Наставниот кадар е соодветен и стручен и секогаш е расположен за свое индивидуално усовршување на коешто училиштето дава своја поддршка.**
- **Во училиштето стручната служба е секогаш достапна и е во поддршка на наставниот кадар, учениците, нивните родители, вработените и други претпријатија со коишто соработува училиштето.**
- **Финансиското работење во училиштето е секогаш добро спроведувано, одговорно, контролирано и транспарентно.**
- **Наставниот кадар, раководниот орган, земјоделската економија и учениците учествуваат и соработуваат со претпријатија од локалната заедница.**
- **Училиштето располага со основни земјоделски машини за обработка на овошните насади.**
- **Училиштето има финансиски бенефит од одгледување на овошни насади, јаболка, цреши и други култури.**

**Слабости**

- **Недоопременост на кабинетите со современа информатичка опрема.**
- **Нема Кабинет за практична настава за земјоделско ветеринарната струка**
- **Неможност за набавка на современи земјоделски машини и приклучна опрема од сопствени средства.**
- **Неможност за постојана набавка на современи нагледни и наставни средства и помагала.**
- **Недоволна количина на стручна литература и учебници во училишната библиотека.**
- **Недообновена дограма (внатрешни врати, надворешна дограма-прозорци во подрумските простории), мал дел на нефункционални грејни тела од парниот греен систем.**
- **Недоволно модернизирани електричен и водоводен систем и инсталации.**
- **Неограден училишен двор.**
- **Нереновирана фасада на училиштето.**

**Анализа на резултатите:**

***Овде дадете подетална евалуација на ова подрачје***

Училиштето има доволен број на простории за реализација на наставен процес со вкупно 26 кабинети, 5 училници, 3 простории за престој на наставници, 6 санитарни простории и истите се реновирани и во задоволителна состојба, просторија (канцеларија) за директор, 3 простории за стручна служба 1 библиотека со недоволен фонд на книги и стручна литература, една нова спортска сала и 6 санитарни чворови. Во голем број, како што и претходно споменавме, сите овие наменски простории ги исполнуваат условите и стандардите за изведување на квалитетна и современа настава со исклучок на помал број коишто не се технички доопремени и друг дел кои се со помала просторна површина. Училиштето поседува информатичко-технички помагала за изведување на настава, но училиштето секогаш спрема можностите набавува нови технички помагала. 63% од учениците сметаат дека со подобрување на условите во училиштето ќе се зголеми интересот за учење од нивна страна и учењето ке биде поквалитетно. Исто така сметаат дека треба да се подобрат условите во кабинетите, електричната и водоводната инсталација, хигиената во вецињата и истите да се реновираат во спортската сала. Но поголемиот дел од анкетираните ученици (25%) сметаат дека не им пречи ништо во училиштето и не треба да се подобри ништо.

Од вкупно анкетирани 31 наставници, 87% одговориле дека училиштето има адекватни училници, кабинети за изведување настава, исто така наставниците сметаат дека училиштето има адекватни заеднички и санитарни простории. Од исто толку анкетирани наставници, 74% сметаат дека училиштето ги задоволува потребите на наставниците од стручна литература и наставни помагала. Додека пак 87% од наставниците сметаат дека потрошниот материјал ги задоволува потребите за реализирање на наставата. 84% од наставниците сметаат дека имаат доволно можности за професионален развој што ги нуди училиштето.

Од вкупно анкетирани 40 родители, 83% од нив се задоволни од условите што ги нуди училиштето за реализација на наставниот процес. Од исто толку анкетирани родители, 80% од нив сметаат дека потрошниот материјал ги задоволува потребите за реализирање на наставниот процес. 75% од родителите сметаат дека училишната библиотека е доволно снабдена со литература и ги задоволува потребите на учениците. 55% од родителите сметаат дека училиштето е доволно снабдено со нагледни средства и помагала за непречено одвивање на наставниот процес. Од разговорот спроведен со родителите на родителски средби, за тоа што треба да се подобри во училиштето, одговориле дека инвентарот и просторот во кабинетите треба да се подобрат, кабинетите треба да се снабдат повеќе со современи наставни средства и помагала, хигиената и да се зголеми фондот на литература во библиотеката.

Од интервјуто со стручната служба и директорот дознавме дека секогаш се набавуваат количини на потрошен материјал кои не секогаш ги задоволува потребите на наставниот процес но дека домаќински, одговорно и рационално се користат истите. Исто така произлезе дека училиштето има потреба од вработување на стручни соработници-педагог и дефектолог се со цел да се подобрат условите за работа и што подобро, постручно и навремено да се решаваат појавите и проблемите коишто се од овие области и да се реализира што подобар ВОП. Во контекст на претходното, од истото интервју училиштето треба да има достапност до психо-тестови.

Просториите за настава-училници и кабинети, треба да се реновираат и осовременат во поглед на спуштање на таваните и реновирање на подот. Треба да се доопремат за реализација на модерна настава со современа ИКТ технологија таму каде што ја нема. Наставните средства и помагала ги задоволуваат потребите на наставата но секогаш може и да се подобрат. Исто така, потрошниот наставен материјал секогаш се набавува во количини кои ги задоволува потребите на наставата, но се користи рационално. Санитарните јазли се целосно реновирани но секогаш треба да се обновуваат. Исто така, како приоритет во инфраструктурни работи е обнова и реновирање на фасадата на целото училиште, уредување на училишниот двор, како и негово оградување. Како друга идејна активност се планира уредување и средување на подрумските простории на училиштето за потребите на земјоделско ветеринарната струка и други цели и намени, како и целосна замена на прозорите во тој дел, понатаму и да се оспособи Кабинет за практична настава.

Во разговор со директорот исто така планирано е подобрување на условите за работа на земјоделските насади, зголемување на земјоделските, житните и овошните култури и подобрување на системот за наводнување и зголемување на капацитетот на системот за снабдување со електрична енергија преку соларни панели.

Наставниот кадар не е целосно стручен и квалификуван, но секогаш постои голема потреба за негово доусовршување, потреба од професионален развој, следење на семинари, симпозиуми, обуки, но училиштето не секогаш има услови да се залага за зголемување на бројот на реализирани што повеќе семинари и обуки. Со финансиите добро, рационално и наменски се раководи, секогаш јавно и транспарентно се запознава училишниот одбор и локалната заедница преку финансиски извештај за годишно работење.
Спортската сала и во неа нагледните средства, реквизити и помагала ги задоволува основните потреби за реализирање на наставната содржина по предметот Спорт и спортски активности. И според финансиските можности на училиштето се набавуваат нови наставни средства, реквизити и помагала. Исто така, за потребите на реализација на ИКТ наставните теми во кабинетот по спорт набавен е нов проектор, нов лап топ и печатач, како и нова машина за чистење на подот на салата. Некои од наставните помагала, реквизити и справи не ги задоволуваат потребите поради нивната нефункционалност и непрофесионалност. Наставата по стручно земјоделските предмети посебно практичната настава се реализира со земјоделски алатки кои треба континуирано да се одржуваат, надополнуваат и снабдуваат, а истото се прави според можноста од финансиски средства и услови за тоа. Поправка и надополнување на веќе постоечките машини за помали земјоделски работи: косилки, моторни пили, мотокултиватор, грбни прскалици. Исто така училиштето има постари и понови поголеми земјоделски машини, трактори и приклучна опрема за обработка на земјиштето во овошните насади и другите култури што влијае врз квалитетот и реализацијата на практичната настава на стручното образование. Според ова како идна активност за потребите на стручното образование останува училиштето да се снабди со нови помали и поголеми земјоделски машини и алатки. Наставниот кадар го сочинуваат 46 наставници од кои најголемиот дел се квалификувани наставници од различен пол и националност, стручна служба составена од стручен соработник-психолог, стручен соработник библиотекар, административна служба составена од секретар, технички секретар којшто врши благајнички и други слични работи и помошно техничка служба составена од еден економ домаќин, еден хаусмајстор, еден општ работник, пет хигиеничари и двајца чувари. За нивната присутност се води евиденција. Постои редовност и почитување на работното време, ефикасно извршување на работните задачи и почитување на куќниот ред на училиштето. Наставничкиот кадар се изјасни дека имаат потреба од нивно професионално усовршување од областа на информатичката технологија, обуки по соодветните предмети за современи методи на настава, обука за работа со ученици со посебни потреби, обука за нови форми на настава, обука за реализација на Еразмус проекти-Грција. За наставникот-приправник училиштето ангажира ментор за соодветниот предмет кој несебично и професионално го помага, надополнува, корегира и усовршува наставникот – приправник. Училиштето секогаш е расположено за професионален развој на наставниот кадар и стручни служби и го поддржува истиот, а тоа го прави и реализира во согласност со условите. Финасинското работење во училиштето е добро спроведено преку техничкиот секретар којшто врши благајнички услуги, а контролирано од страна на директорот, училишниот одбор и управа за јавни приходи. Училиштето добива финансиски средства преку самофинансирање односно остварување приходи од основната воспитно-образовна дејност и споредна дејност во функција на остварување на целите и задачите на основната дејност. Училиштето прави свој финансиски план и завршна сметка кои на предлог на училишниот одбор се усвојува од советот на општината. Финансиското работење е легално и транспарентно и со него преку училишниот одбор се запознати и родителите. Директорот на училиштето е одговорен за самото финансиско-материјално работење на училиштето.

| **Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето** |
| --- |
| 1. **Континуирано подобрување на работата и функционалноста на системите во училиштето: електричен, топлотен, водоснабдувачки;**<br>2. **Целосна замена на внатрешната дограма и дел од надворешната дограма-подрумските прозорци;**<br>3. **Подобрување на просторните услови во училниците и кабинетите;**<br>4. **Континуирана набавка на современи наставни средства, помагала и современа ИКТ опрема, како и зголемување на библиотечната литература;**<br>5. **Вработување на педагог и дефектолог;**<br>6. **Достапност до одредени психо-тестови потребни за работа на стручните служби и реализација на ВОП;**<br>7. **Реновирање на фасадата на училиштето, оградување на училишниот двор и негово уредување; како и уредување на подрумските простории;**<br>8. **Изградба на објектот за потребите на овошните насади;**<br>9. **Опремување на Кабинет за практична настава за земјоделско ветеринарната струка;**<br>10. **Континуирана набавка на нови земјоделски алатки и машини и нивно навремено одржување и поправка;**<br>8. **Стручна обука и усовршување на наставниот кадар за правилно користење на ресурсите на училиштето.** |

***Во евалуацијата на ова подрачје треба да одговорите на што е можно поголем број од главните прашања.***

***Можете да додадете и одговори на други прашања кои сметате дека се важни за вашето училиште а не се опфатени во рамката за самоевалуација.***

***Треба да направите обид да ги вклучите колку што е можно сите клучни фактори во вашето училиште и во локалната заедница и каде потребно да внимавате на родовите односи кои може да влијаат на квалитетот на учење и настава во вашето училиште.***

***Не се потпирајте само на пишани документи. Обезбедете да податоците собрани во оваа област исто така вклучуваат колку што е можно и пишани коментари, набљудувања и визуелни докази.***

**Оддели во рамките на подрачјето:**

## 7.1 Управување и раководење со училиштето

## 7.2 Цели и креирање на училишната политика

## 7.3 Развојно планирање

| **Собирање на податоци (Кои податоци се собрани: Кои методи се користени).**<br>**(I) Обработка на документи** | |
|---|---|
| **Наведете ги сите документи кои се прегледани.** | **Кои информации се собрани?** |
| **Годишна програма на училиштето**<br><br>**Список на членови**<br><br>**Годишни извештаи на училиштето** | Орган на управување на училиштето е Училишниот одбор, а раководен орган е директорот на училиштето. Училишниот одбор брои 12 члена (4 наставници: 3 од основачот на училиштето; 3 претставници од совет на родители, 1 претставник од Министерството за Образование и 1 претставник од Деловната заедница, (без право на одлучување). Од нив 7 жени, 5 мажи. Членовите се од различни професии: правници, наставници од различни подрачја, вработени во администрација, вработени во образование, работници. Тоа значи дека во раководната структура на нашето училиште, правична е застапеноста на мажи и жени и оптшествените и етничките групи. |
| **Статут на Училиштето** | Надлежностите за управување со административните задачи, се јасно дефинирани со статутот на училиштето, кој е изработен согласно законот за средно образование и другите законски одредби на Република Северна Македонија и училиштето секогаш застапува јасност и соодветност во целите и креирањето на училишната политика. |
| **Годишна програма на училиштето**<br><br>**Статут на училиштето**<br><br>**Записници од Училишен Одбор** | Во размената на идеи и разрешувањето на проблеми, раководниот тим соработува на состаноци кои ги свикува претседателот на училишниот одбор, а го поканува и директорот на училиштето. Сите овие средби се документирани како записници. Со годишната програма за работа на училиштето, раководниот тим е обврзан да одржува редовни состаноци секој месец. По потреба, се одржуваат и други вонредни состаноци. Состаноците ги организира и води претседателот на училишниот одбор, кој е и одговорен за присуството на состаноците. Редовноста на членовите е евидентирана во записниците, од кои може да се види дека таа е на високо ниво. Раководниот тим соработува со другите субјекти во училиштето. За својата работа се консултира и ги известува наставниците преку наставнички совети, огласна табла и личен контакт. За своите одлуки преку огласна табла и личен контакт ги известува и другите вработени во училиштето. Учениците се консултираат преку средби на директорот со ученичката заедница и на психологот, чии членови на своите соученици им ги пренесуваат информациите. Одлуките им се соопштуваат на учениците во вид на соопштенија и преку огласна табла, разгласна станица, како и непосреден контакт на класниот раководител со паралелката. |
| **Правилник за изрекување педагошки мерки во јавни средни училишта**<br>**Куќен ред - Кодекс на однесување на учениците**<br>**Записник од наставнички совет** | Нашето училиште има правилник кој е формулиран во статутот на училиштето. (пр. Членови – 49-68 се однесуваат на педагошките мерки: кои се тие педагошки мерки, каква е постапката за нивно изрекување, спроведување, право на жалби и др.). Исто така училиштето има усогласени кодекси на однесување на учениците и на наставниците, Етички кодекс за однесување на наставници каде се пропишуваат стандардите , инструментите и индикаторите за следење на постигнувањата на учениците, Акт бр. 01-127/2 од 28.02.2025, како и усогласување на Куќен ред на училиштето и Кодексите на однесување со постоечките закони и подзаконски акти под бр. 01-127. |

| | |
|---|---|
| **Годишен извештај за работа на училиштето**<br><br>**Записник од наставнички совет**<br><br>**Закон за средно образование**<br>**Статут на училиштето**<br><br>**Известувања, напатствија, решенија, одлуки, акти и др. документи од Бирото за развој на образованието** | Во креирањето на училишната политика се вклучени:<br>- Министерството за образование и наука;<br>- Биро за развој на образование;<br>- Основачот на училиштето;<br>- Самото училиште.<br>Постапките во креирањето на училишната политика се изведуваат врз основа на задолжувања, барања, дописи од креаторите на училишната политика. Сите заинтересирани субјекти се информираат за училишната политика:<br>- Наставниците преку наставнички совети, огласни табли;<br>- Родителите преку средби со советот на родители, родителски средби на ниво на паралелка;<br>- Учениците преку класните часови и средби со Ученичката заедница.<br>Покрај ова, сите заинтересирани субјекти за училишната политика се запознаваат и преку излагања на директорот на разните манифестации и приредби организирани од страна на училиштето |
| **Годишна програма на училиштето**<br><br>**Барања, известувања, покани од разни субјекти за соработка**<br><br>**Годишни извештаи за работата на училиштето** | Сите професори, класни раководители, стручната служба, раководната структура на училиштето ја следат социјалната, здравствената состојба на учениците, и другата релевантна локална проблематика што го тангира нашето училиште. Во врска со тоа, се преземаат следните активности:<br>- соработка со Црвен крст;<br>- соработка со Здравствен дом и Центар за јавно здравје;<br>- соработка со Центарот за социјални работи;<br>- соработка со МВР;<br>- Територијална противпожарна единица Ресен;<br>- соработка со УЈП;<br>- соработка со локалната заедница;<br>- соработка со невладини организации;<br>- Организиирање предавања од страна на надворешни стручни лица со теми од социјална, здравствена и друга проблематика со која се засегнати учениците;<br>- Соработка со совет на родители;<br>- Разни проекти (проекти од спортот, квизови, театарски претстави, брошури...)<br>- Културно - уметнички друштва, ракометни клубови, Џудо клуб, еколошки друштва. |
| **Дневник на паралелка**<br><br>**Портфолија од проектни активности**<br><br>**План и програма од стручни активи**<br><br>**Годишен извештај за работа на училиштето** | За посебно надарените ученици, училиштето по статут овозможува забрзано школување (две години за една), за што организира групни и индивидуални форми на воспитно-образовна дејност и испити за побрзо напредување на учениците. За талентираните ученици се организира додатна настава за подигнување на степенот на нивното знаење и вклучување во натпревари на знаења. За постигнатите резултати ваквите ученици се наградуваат со пофалби, екскурзии како и со материјални средства обезбедени од донации, а кои се доделуваат по претходно утврдени критериуми. За учениците со помали способности се организира посебна дополнителна настава. Официјален јазик во училиштето е Македонскиот јазик, а од учебната 2008/2009 во училиштето се отворија по една паралелка на турски и албански наставен јазик во гимназиското образование. |

| | |
|---|---|
| | Од учебната 2019/20 год, во училиштето се отвори стручна паралелка на турски наставен јазик. Наредната 2020/21 учебна година се формира и стручна паралелка-Земјоделска ветеринарна сектор земјоделство, ветеринарство и рибарство-профил Агротехничар/Агротехничар за фитомедицина, на Албански наставен јазик. Од страна на стручните активи, наставничкиот колегиум и раководниот орган на училиштето, констатирано е дека во нареден период, училиштето во наставните програми во соработка со МОН, БРО и основачот треба да понуди и воведе нови наставни и стручни програмски подрачја. Истото од страна на училиштето и Локалната самоуправа е побарано отворање на стручна паралелка- Е-трговија и дигитален маркетинг, а од страна на МОН е одобрено да се отвори во учебната 2025/26. Задолжителни странски јазици кои се изучуваат во наставата се: англиски, француски, а италијански и латинскиот како изборен јазик. |
| **Годишна програма за работа на училиштето**<br>**Записник од наставнички совет** | Одговорен за годишното планирање е Раководниот орган, кој ја изработува Годишната програма за работа на училиштето, врз база на податоци, планови и програми, доставени од стручни активи, стручни соработници-психолог, наставници. Постојат активности за долгорочни планирања (Бизнис план на реалната компанија). Целта на развојното планирање е во контекст на подобрување на условите за работа во училиштето, подобрување на условите за реализација на наставните програми (стари и нови), подобрување на условите за работа на наставниот кадар и техничкиот персонал, подобрување на инфраструктурата во и надвор од училиштето и други цели кои секогаш ке бидат насочени кон создавање на подобар, поквалитетен и пофункционален училишен центар кој секогаш навремено, квалитетно ке одговори на модерното и современо образование на 21 век. Во целта на развојното планирање на училиштето секогаш завидно место ке заземе професионалниот развој, стручното усовршување на кадарот, коишто пак како такви ке придонесат за поквалитетна настава. Исто така, во развојното планирање на училиштето завидно место ќе има подобрувањето на материјално-техничките средства за изведување на посовремена настава. |
| **Извештај за работа на училиштето**<br><br>**Записник од наставнички совет** | Планирањето се базира врз податоци за бројната состојба на учениците, стручен наставнички кадар, материјално-технички средства со кои располага училиштето, податоци од локална заедница, податоци за потребите на училиштето за воведување на нови наставно-стручни подрачја, податоци за досегашниот успех, редовност и поведение на учениците, а тоа се реализира преку формирање на тимови за развој и планирање во кои се вклучени наставници компетентни за соодветните проблематики. |

| **Собирање на податоци (II) кои други методи се користени за собирање на податоци? (пр. прашалници, анкети, набљудувања...)** | | |
|---|---|---|
| **Наведете ги другите методи кои се користени за собирање на податоци** | **Учество: Кој беше вклучен во собирање на овие информации** | **Кои информации се собрани?** |
| **Анкета за ученици**<br><br>**Метод на разговор** | **Членови на работниот тим** | Од вкупно анкетирани 100 ученици, 60% од нив сметаат дека се доволно информирани и запознати со раководството и креирањето на училишната политика.<br>Од разговорот со учениците дознавме дека тие за раководење и креирање на училишната политика во училиштето најмногу се запознаваат од класниот раководител на класни часови, преку разни соопштенија, преку разговори со предметни наставници и стручни служби. |
| **Анкета за наставниците**<br><br>**Метод на разговор** | **Членови на работниот тим** | Од вкупно анкетирани 31 наставници, 90% од нив сметаат дека во училиштето добро и одговорно се раководи и управува од страна на раководниот орган.<br>Од исто толку анкетирани наставници, 81% сметаат дека се подеднакво третирани од страна на управниот и раководниот орган на училиштето.<br>Од разговорот дознавме дека навремено и добро се информирани за раководењето на училиштето и креирањето на училишната политика. |
| **Анкета за родители**<br><br>**Разговор со родители** | **Членови на работниот тим** | Од вкупно анкетирани 40 родители, 90% сметаат дека раководниот орган води и креира добра и соодветна образовна политика.<br>Од исто толку анкетирани родители, 88% сметаат дека се доволно информирани за активностите во училиштето и за неговите главни одлуки и ориентации.<br>Од разговорот воден со родителите дознавме дека за образовната политика на училиштето најмногу се информираат од родителските средби, совет на родители и сметаат дека училиштето е доволно отворено за нив. |

| |
|---|
| **Резултати: Овде треба накратко да ги образложите вашите клучни јаки страни и слабости** |
| **Клучни јаки страни**<br>➢ **Со училиштето раководи и управува соодветна стручна структура.**<br>➢ **Одлуките секогаш се правилни, транспарентни и како такви се пренесуваат до соодветните тела и органи за да истите се реализираат.**<br>➢ **Раководителот секогаш има дадено јасна визија за раководење и управување со конструктивни одлуки и со нивна правичност при донесувањето на истите.**<br>➢ **Во училиштето преку тим за развој постои стратешки план за развој и подобрување на условите за одвивање на наставниот процес во којшто јасно и недвосмислено се кажани целите на развојното планирање на училиштето и се размислува и планира за иднината и идното работење на училиштето така што истиот план треба континуирано во поглед на време и услови да се надополнува и развива.**<br>➢ **Во училиштето од учебната 2025/26 година ќе почне со работа нова стручна паралелка Е-трговија и дигитален маркетинг.** |
| **Слабости**<br>➢ **Континуитет во учење на основните познавања на англискиот јазик кој во голема мера се користи за употреба на информатичката технологија во наставниот процес и реализација на разни меѓународни проекти.**<br>➢ **Континуитет во учество на проекти во државата и надвор од неа со кои ќе се подобри знаењето од информатичката технологија и комуникација се со цел да се подобри начинот, пристапот, а со тоа и можноста за подобро раководство и креирање на образовна политика.**<br>➢ **Неможност за планирање и реализација на содржини и активности со долгорочен тип и карактер поради не секогаш поволна финансиска и материјална состојба во училиштето и не секогаш давање целосна поддршка од страна на МОН, БРО и МФ за некои сегменти од реализацијата на наставниот процес во училиштето.** |

| Самоевалуација на училиштето: \| СОУ “Цар Самоил” – Ресен Подрачје: Раководство, креирање политика<br>**Анализа на резултатите:**<br>***Овде дадете подетална евалуација на ова подрачје*** |
|---|
| За раководење на училиштето е одговорен Директорот додека највисок орган за управување со училиштето е училишниот одбор кој брои 12 члена (4 наставници, 3 од основачот на училиштето, 3 претставници од совет на родители, 1 претставник од Министерството за Образование и 1 претставник од Деловната заедница, (без право на одлучување)). Овие членови се со различна полова, етничка и стручна структура. Надлежностите за управување за административни задачи се јавно дефинирани со статутот на училиштето кој е изработен согласно законот за средно образование и други законски одредби на РС Македонија. Во размената на идеи и разрешувањето на проблеми раководниот тим соработува со стручните служби, претседатели на стручни активи, тоа го прави на состаноци кои ги свикува претседателот на училишниот одбор, а го поканува и директорот на училиштето. Сите овие средби се документирани како записници. Со годишната програма за работа на училиштето раководниот тим е обврзан да одржува редовни состаноци секој месец, а по потреба се одржуваат и вонредни состаноци кои ги води и организира претседателот на училишниот одбор кој е одговорен и за присуството на состаноците. Редовноста на членовите е евидентирана во записниците, од кој може да се види дека таа е на високо ниво, и секогаш постои транспарентност и сериозен пристап кон донесувањето на важни одлуки. Раководниот тим соработува со други субјекти во училиштето и за својата работа ги известува и консултира наставниците преку наставнички совети, огласна табла и личен контакт. Училиштето има политика и правилници во врска со дисциплината при изрекување на дисциплински мерки, поведение, насилничко однесување, сексуално злоупотребување и дискриминација, а истите се формулирани и содржани во статутот на училиштето од член 49 до 68 кои се однесуваат на педагошките мерки. Училиштето има усогласени кодекси на однесување на учениците и на наставниците, Етички кодекс за однесување на наставници каде се пропишуваат стандардите, инструментите и индикаторите за следење на постигнувањата на учениците, Акт бр. 01-127/2 од 28.02.2025, како и усогласување на Куќен ред на училиштето и Кодексите на однесување со постоечките закони и подзаконски акти под бр. 01-127. Во креирањето на училишната политика се вклучени Министерството за образовние и наука, Бирото за Развој на образованието, директорот и тимот за развој. Постапките во креирањето на училишната политика се изведуваат врз основа на задолжувања, барања и дописи од креаторите на училишната политика. Од спроведените анкети, прашалници и разговори добиени се следниве резултати: Од вкупно анкетирани 100 ученици, 60% од нив сметаат дека се доволно информирани и запознати со раководството и креирањето на училишната политика. Од разговорот со учениците дознавме дека тие за раководење и креирање на училишната политика во училиштето најмногу се запознаваат од класниот раководител на класни часови, преку разни соопштенија, преку разговори со предметни наставници и стручни служби. Од вкупно анкетирани 40 родители, 90% сметаат дека раководниот орган води и креира добра и соодветна образовна политика. Од исто толку анкетирани родители, 88% сметаат дека се доволно информирани за активностите во училиштето и за неговите главни одлуки и ориентации, а 28% сметаат дека понекогаш се информирани за активностите во училиштето и за неговите главни одлуки и ориентации. Од разговорот воден со родителите дознавме дека за образовната политика на училиштето најмногу се информираат од родителските средби, совет на родители и сметаат дека училиштето е доволно отворено. Од вкупно анкетирани 31 наставници, 90% од нив сметаат дека во училиштето добро и одговорно се раководи и управува од страна на раководниот орган. Од исто толку анкетирани наставници, 81% сметаат дека се подеднакво третирани од страна на управниот и раководниот орган на училиштето. Од разговорот дознавме дека навремено и добро се информирани за раководењето на училиштето и креирањето на училишната политика. |

| |
|---|
| Училиштето превзема разни активности кои ја следат социјалната и здравствена состојба на учениците преку соработка со Црвен Крст, УЈП, Здравствен дом, Центар за јавно здравје, МВР, Територијална противпожарна единица Ресен, невладини организации, Центар за социјални работи, локална заедница и локалните претпријатија. За талентираните ученици, училиштето организира додатна настава, за постигнатите резултати добрите ученици се наградуваат со пофалби, дипломи, награда за ученик на генерација, екскурзии, и др. За послабите ученици се организира дополнителна настава. Официјален јазик во училиштето е Македонскиот јазик, а од учебната 2008/2009 воведени се по една паралелка на турски и албански наставен јазик во гимназиското образование. Од учебната 2019/20 год, во училиштето се отвори стручна паралелка на турски наставен јазик, и уште една стручна паралелка- Земјоделска ветеринарна сектор земјоделство, ветеринарство и рибарство-профил Агротехничар/Агротехничар за фитомедицина на албански наставен јазик од учебната 2020/21. Од учебната 2025/26 се отвори стручна паралелка- Е-трговија и дигитален маркетинг. Од страна на стручните активи, наставничкиот колегиум и раководниот орган на училиштето, констатирано е дека во нареден период, училиштето во наставните програми во соработка со МОН, БРО и оснивачот треба да понуди и воведе нови наставни и стручни програмски подрачја. Задолжителни странски јазици се Англиски и Француски, а Италијански и Латински се изборни јазици. Одговорен за годишното планирање е раководниот орган кој ја изработува годишната програма на училиштето врз основа на планови и програми доставени од стручни активи, стручни соработници, педагошка служба, а исто така постои бизнис план на реалната компанија. Овие планирања се едногодишни и планирањата секогаш се базираат врз податоците за бројната состојба на учениците, стручниот наставнички кадар, материјално-техничките средства со кои располага училиштето, податоците од локалната заедница, податоците за потребите на училиштето, податоците за досегашниот успех и редовноста на учениците. Секогаш се настојува планирањата да бидат реални и остварливи врз база на показателите добиени од годишниот извештај за работа на училиштето од претходната година и анализата на сите активности, приоритетни цели, постоечки материјални услови и ресурси, се со цел во идната година да се постигнат што подобри резултати во професионалниот развој односно, стручното усовршување на кадарот, подобрување на материјално-техничките средства, подобрување на инфраструктурата во и надвор од училиштето како и целосно и подобро реализирање на новите наставни планови и програми. Развојното планирање се прави заедно со раководниот и управниот орган и тимови за развој и планирање во кои се вклучени наставници компетентни за соодветната проблематика. |
| **Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето** |
| **1. Учество на наставно-воспитен кадар, стручно-педагошка служба, раководен и управувачки орган на разни обуки, семинари, симпозиуми, научни собири на теми поврзани со менаџмент во училиштето, совладување на новите наставни планови и програми се со цел на подобро раководење и креирање на подобри образовни политики во училиштето;**<br>**2. Училиштето да продолжи со транспарентноста во раководењето, управувањето и креирањето на училишната политика и поголемо вклучување на родителите во истата;**<br>**3. Училиштето, раководните органи, локалната самоуправа, заедно со наставниот кадар и стручната служба, секогаш да настојуваат и да се стремат за што подобро и поефикасно раководење и работа во контекст на модерните барања, потреба и трендови за реализација на ВОП;**<br>**4. Соработка со локалната самоуправа, МОН, БРО и други релевантни институции од државава за заедничка соработка се со цел подобрување на наставниот процес и подобро развојно планирање и менаџирање на училиштето со можност за отворање на нови стручни наставни програмски подрачја и нивна успешна реализација.** |